# ПРЕДЛОГ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ

# ПРЕДЛОГ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ

Скопје, јули 2017 година

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ **5**

**ПРИСТАП** ........ **6**

**ВКЛУЧУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА** ........ **8**

**ОБЛАСТИ, ПРИОРИТЕТИ, МЕРКИ, НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И РОКОВИ** ........ **10**

- ЈАВНИ ФИНАНСИИ И ЕКОНОМИЈА ........ 10
- ПРАВОСУДСТВО ........ 15
- БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ........ 22
- ИЗБОРИ И ИЗБОРЕН СИСТЕМ ........ 31
- ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 35
- КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИЈАТА И АГЕНЦИИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И (КОНТРА)РАЗУЗНАВАЊЕ ........ 43
- СОБРАНИЕ ........ 51
- ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ........ 67
- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, БЛАГОСОСТОЈБА И ОДРЖЛИВОСТ ........ 79
- ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ........ 87
- ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 100
- ЕНЕРГЕТИКА ........ 105
- КУЛТУРА ........ 110
- ЗДРАВСТВО ........ 118

**ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ** ........ **127**

**ПРИЛОГ 1 – ЛИСТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И ЕКСПЕРТИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ИНИЦИЈАТИВАТА** ........ **131**

# ВОВЕД

Овој документ претставува **надградба** на „Предлогот за итни демократски реформи", подготвен од група граѓански организации и експерти во почетокот на јули 2016 година.[1]

Оригиналната цел на документот останува иста, односно тој треба „да даде поттик, насоки и детални активности кои се неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, за постигнување напредок во одредени области од јавните политики, како и за враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции". Промената на власта, сама по себе, беше чекор напред поради тоа што со одржувањето кредибилни избори се стави крај на длабоката повеќегодишна политичка криза, но тоа не е гаранција за системските реформи кои се неопходни за да се надмине состојбата на заробена држава.

Овој заеднички потфат е одговор на променетата политичка ситуација, т.е. формирањето нова влада која изрази подготвеност да работи во насока на демократски реформи во земјата. Со овој документ, вклучената група граѓански организации и експерти го дава своето видување за приоритетите и мерките што треба да ја насочат владината програма во следните 12 месеци.

Областите на јавни политики разработени во документот се: јавни финансии и економија; правосудство; борба против корупцијата; избори и изборен систем; јавна администрација; контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање; Собрание; граѓанско општество; социјална заштита, благосостојба и одржливост; образование и младински политики; животна средина; енергетика; култура и здравство.[2]

Овој документ е подготвен врз основа на долгогодишното искуство и експертиза во рамките на соодветните области на интервенција. Голем дел од предложените инструменти и мерки се дел од објавените заложби, извештаите и препораките издадени од граѓанското општество во соодветните области.

1 Листата на организации и експерти вклучени во подготовката на двата документа е во Прилог 1: Листа на организациите и експертите вклучени во иницијативата

2 Последните две области не беа вклучени во оригиналниот документ и за нив се користени материјали од комплементарни иницијативи

# ПРИСТАП

Во процесот на подготовка на содржините во областите на јавните политики презентирани во овој документ учествуваа 146 претставници од 73 граѓански организации, научни работници и независни експерти кои дадоа свој придонес во работните групи на форумот „Предлог на граѓанските организации за итни демократски реформи“, што се одржа на 4 и 5 јули 2017 година во Скопје. Иницијатори и организатори на форумот беа организациите од јадрото на иницијативата „Предлог за итни демократски реформи“ од јуни 2016 година, кои во текот на изминатата година одржуваа консултации за соодветните области со другите засегнати страни.

Секоја од областите е претставена преку кратко резиме и матрица на приоритетни области и мерки предложени за следните 12 месеци, со рокови прецизирани на квартално ниво (3, 6, 9 и 12 месеци) и со јасно идентификувани надлежни институции. За мерките во областите каде што организациите и експертите не можеа да постигнат единствено мислење, се понудени опции за јавните политики со кои би можело да се дејствува.

При утврдувањето на приоритетите и мерките беше земена предвид динамиката на реформските чекори, во согласност со временската рамка што ја наметнуваат роковите за напредок во процесот за добивање препорака за почеток на преговорите за членство во Европската Унија. Граѓанските организации и експерти вклучени во подготовката на овој документ очекуваа дека изразената волја за реформи од страна на новата Влада ќе се ефектуира со исполнување на поголем дел од препораките содржани во овој документ. Во областите каде што тоа нема да биде случај, од Владата и од носителите на одлуките очекуваме да го образложат својот пристап и причините за избор на поинакви решенија. Решенијата што се дел од овој документ претпоставуваат одлучност за справување со наталожените проблеми во јавните институции.

Во текот на целиот процес Владата треба да ги почитува принципите на транспарентност, одговорност, вклучување и ефективност.

Неопходно е политичките партии во Собранието на РМ да покажат вистинска посветеност за спроведување на клучните реформски приоритети. Ваква посветеност се очекува и од вонпарламентарните партии, како и од граѓанското општество во целина.

Покрај тоа, и надлежните институции во судската власт, како и независните надзорни и регулаторни тела, треба да ја покажат нивната посветеност на спроведувањето на клучните реформски приоритети.

Исто така, неопходно е преземените мерки да бидат насочени кон подобрување на социјалната кохезија на граѓаните и на сите етнички заедници. Во оваа

насока, треба да се разгледаат препораките од Прегледот на Охридскиот рамковен договор за социјалната кохезија од 2015 година.[3]

При креирањето и имплементацијата на политиките, неопходно е да се води сметка за почитувањето на хоризонталните прашања, особено за родовата рамноправност, вклучувањето на младите, лицата со посебни потреби и другите маргинализирани заедници..

3 Достапно на: http://www.siofa.gov.mk

# ВКЛУЧУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

За целосно спроведување на овие реформи неопходна е претходна оценка на ситуацијата, која ќе биде заснована на официјални и реални податоци во секоја од областите што е предмет на документот. Од клучна важност е граѓанскиот сектор да биде вклучен во процесот на проценка на сегашната ситуација, како и во мониторингот и евалуацијата на напредокот во спроведувањето на клучните реформски приоритети.

Потребно е да се обезбеди граѓанско учество и на ниво на извршната, како и на законодавната власт, вклучувајќи ја и соработката со судството и со независните, контролните и регулаторните тела. Во оваа насока предлагаме::

- Формирање Консултативен совет за имплементација на клучните реформски приоритети на владино ниво, со кој ќе претседава претседателот на Владата и кој ќе се состои од претставници на надлежните министерства и на граѓанското општество. Во рамките на овој Совет треба да се формираат тематски групи составени од граѓански организации, неформални граѓански здружувања, тинк-тенкови, неформални иницијативи, синдикати итн., со цел да се поддржат консултациите, следењето и евалуацијата на клучните реформски приоритети;
- Назначување лица за контакт во министерствата и во независните, надзорни и регулаторните тела, кои ќе бидат одговорни за клучните реформски приоритети и кои ќе бидат задолжени за соработка со тематските групи на граѓанското општество;
- Надлежните собраниски тела треба да одржуваат месечни јавни расправи за имплементација на клучните реформски приоритети што спаѓаат во нивната надлежност. На овие расправи треба да бидат поканети претставници на граѓанското општество со докажано искуство во соодветните области. Оваа активност ги вклучува следниве комисии (листата не е исцрпена):
    - Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците;
    - Комисијата за финансирање и буџет;
    - Комисијата за транспорт, врски и екологија;
    - Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот;
    - Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање;

- Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана;
- другите надлежни комисии;

Покрај тоа, Националниот совет за евроинтеграции, како и Комисијата за европски прашања, треба да одржуваат месечни седници посветени на спроведувањето на клучните реформски приоритети, врз основа на извештаите поднесени од Владата и од страна на независните, надзорни и регулаторни тела и по дискусиите во матичните собраниски комисии.

Граѓанските организации кои учествуваа во подготовката на овој документ ќе се заложат и ќе придонесат во натамошната дискусија за начините на вклучување на граѓанското општество во процесот.

# ОБЛАСТИ, ПРИОРИТЕТИ, МЕРКИ, НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ И РОКОВИ

## ЈАВНИ ФИНАНСИИ И ЕКОНОМИЈА

Потребна е поголема транспарентност во јавните финансии, која треба да доведе до отчетност за тоа како се планираат и користат јавните ресурси на државата. Фискалната транспарентност беше еродирана, а провладините елити ги имаа заробено поиздашните извори за генерирање и за прераспределба на благосостојбата, со што Владата беше принудена да се задолжува за да ја задоволи побарувачката на своите клиенти. Ова доведе до носење на ад-хок фискални одлуки надвор од јавниот буџетски процес и до рушење на кредибилитетот на надзорните институции на буџетскиот циклус и, воопшто, до намалена фискална дисциплина.

Општи принципи за предложените активности се следниве: зголемување на фискалната дисциплина и одржливост; зајакнување на фискалната транспарентност, отчетност и партиципативност; подобрување на ефикасноста и ефективноста, надзорот и одговорноста за јавните финансии.

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Фискална транспарентност, отчетност и партиципативност | • Објавување месечни буџетски планови и извештаи за извршувањето на буџетот и за сите буџетски корисници. Овие планови и извештаи треба да бидат поаналитични во смисла на потставка (шест цифри) по економска класификација и по буџетски корисник и во отворен формат.<br>• Отстранување на точка 23, односно 22 од Упатството за начинот на трезорско работење, односно Упатството за начинот на трезорско работење на ФЗО. | Министерство за финансии (МФ) | **3** |
| | | • Транспарентно објавување на доспеаните, а неисплатени обврски подолги од три месеци, вкупно и по буџетски корисник. | МФ | **3** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Евалуација на капиталните проекти на Владата и објавување на нивната структура според фазата на имплементација (планирање, тековна и финална фаза). Треба да им се даде приоритет на оние проекти кои поради нивната природа и/или цел не можат да бидат стопирани. | МФ | **6** |
| | | • Укинување на Советот за јавни набавки; евалуација на имплементацијата на јавните набавки и прекинување на практиката на спроведување на јавните набавки и доделување договори исклучиво според финансиски критериуми (најниска цена). | МФ, Влада на Република Македонија (Влада), Собрание на РМ (Собрание) | **12** |
| | | • Објавување на бројот на вработените во јавниот сектор за повеќе години наназад. | МФ, Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) | **3** |
| | | • Евалуација на досегашната даночна политика и објавување на очекуваните ефекти од новата даночна политика на новата Влада. | МФ | **6** |
| | | • Основање собраниска комисија за разгледување на извештаите на Државниот завод за ревизија, односно надзор на јавните расходи. | МФ, Собрание | **12** |
| | | • Задолжително разгледување на Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Комисијата за финансирање и буџет, т.е. во Комисијата за разгледување на извештаите на Државниот завод за ревизија, односно надзор на јавните расходи (доколку се основа). | МФ | **3** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола да се објавува во целост на веб-страницата на Министерството за финансии, вклучително и поединечните извештаи од Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола. | | |
| | | • Евалуација и ревидирање на буџетскиот календар со цел да се овозможи поголема флексибилност, транспарентност и партиципативност. | МФ | **6** |
| | | • Поголема транспарентност на разделот Министерство за финансии - функции на државата, со целосно нејзино укинување во иднина. | МФ | **12** |
| | | • Навремено доставување на Фискалната стратегија до Собранието на РМ во почетокот на буџетскиот процес, со цел да се придонесе кон подобра подготовка на пратениците за разгледување на финансискиот дел од предлог-буџетот подоцна во фазата на усвојување.<br>• Задолжително изготвување предбуџетска изјава (посебно или како дел од Фискалната стратегија) која треба да ги содржи владините долгорочни економски, фискални и други цели за претстојниот буџет, и тоа најмалку за последователните три фискални години. | МФ | **12** |
| | | • Задолжително изготвување на Граѓански буџет на централно ниво и на ниво на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). | МФ, ЕЛС | **9** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Подобрување на ефикасноста и ефективноста, надзорот и одговорноста за јавните финансии | • Министерот за финансии транспарентно да подготвува и да ги објавува целите, намената и условите за секое задолжување, грант и донација. | МФ | **3** |
| | | • Евалуација и објавување на буџетските импликации од проектот „Скопје 2014“ по година, структура, финансиска конструкција и по распределени средства. | МФ | **9** |
| | | • Објавување на податоците од сите групи и подгрупи инструменти на државна помош, и тоа: планирана, реализирана и одобрена државна помош, по давател на државна помош и по намена на државна помош, за претходните години и континуирано (во отворен формат). | МФ, Министерство за економија (МЕ), Собрание | **9** |
| | | • Да се испита можноста Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата редовно да известуваат за покренатите постапки по наодите и извештаите на Државниот завод за ревизија и за тоа да го известат Државниот завод за ревизија и јавноста. | МФ, Државен завод за ревизија, Јавно обвинителство, Министерство за внатрешни работи (МВР), Државна комисија за спречување на корупцијата | **9** |
| | | • Формирање Фискален совет, како нова институција во системот на јавните финансии, кој ќе служи за екс-анте оценка за оправданоста на фискалната политика на извршната власт. | Собрание | **6** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(u)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Зголемување на фискалната дисциплина и одржливост | • Неселективно плаќање на тековните трошоци и воспоставување на хронолошки принцип за плаќање на доспеаните обврски (временско доспевање на обврските). | МФ | **3** |
| | | • Редовно објавување на структурата на јавниот долг, вклучувајќи ги и неплатените обврски и долговите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, Македонската банка за поддршка и развој, и тоа за најмалку три години наназад. | МФ | **3** |
| | | • Евалуација на трошоците и придобивките од странските директни инвестиции, како и активностите поврзани со привлекување на странски директни инвестиции. | МФ, МЕ | **9** |
| | | • Евалуација на одржливоста и транспарентноста на земјоделските субвенции, со посебен акцент на нивната распределба; транспарентно и редовно објавување на висината на доделената поддршка по корисник и по мерка, во форма на отворени податоци. | МФ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | **9** |
| | | • Евалуација на фискалниот капацитет и на одржливоста на пензискиот систем, вклучувајќи ја и работата на МАПАС. | МФ | **9** |
| | | • Евалуација на одржливоста, транспарентноста и дистрибутивните ефекти од социјалните трансфери. | МФ, Министерство за труд и социјална политика | **9** |

# ПРАВОСУДСТВО

Предложената матрица на приоритети, мерки и активности ги покрива прашањата во сферата на правосудството кои бараат итно адресирање преку конкретни и краткорочни мерки и чекори и чиешто преземање не претпоставува посериозни практични тешкотии. Истовремено, таа вклучува и приоритетни цели кои подразбираат сериозни законски интервенции и институционални реформи од системски и од стратешки карактер, за чиешто спроведување е неопходна значителна подготовка.

Документот не ги опфаќа само мерките што треба да се преземат во насока на обезбедување ефикасна кривична правда и процесуирање на случаите кои налагаат итна акција заради спречување на практиката на неказнивост, како и мерките што треба да овозможат длабински правосудни реформи, туку и оние мерки и активности коишто треба да придонесат за поефикасна судска заштита на човековите права и слободи од аспект на нивното остварување, со што ќе се врати изгубениот кредибилитет на правосудните институции меѓу граѓаните.

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Донесување Стратегија за реформа на правосудството | • Предлог-стратегија, изготвена во согласност со препораките на Европската комисија (ЕК), Венецијанската комисија и ГРЕКО. | Министерство за правда (МП) - инклузивен процес (активна вклученост на надворешни експерти и на граѓанскиот секторот) | **3+3** испраќање на нацрт-верзијата до ЕК во октомври 2017, инкорпорирање на забелешките добиени во процесот на консултација со ЕК во текот на декември 2017) |
| **2.** | Подготовка на првиот Акциски план за спроведување на Стратегијата за реформи во правосудството | • Прв акциски план. | МП | **6** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Формирање работна група за преиспитување, ревидирање или повлекување на Законот за заштита на приватноста | • Предлог-законски измени. | МП (по претходно организирана јавна дебата со целосна вклученост на експертите и на граѓанскиот сектор) | **3** |
| **4.** | Повлекување на Законот за Советот за утврдување факти и покренување постапка за утврдување одговорност за судија | • Предлог-закон за повлекување. | Собрание на РМ (Собрание) | **3** |
| **5.** | Зајакнување на независноста на Судскиот совет на Република Македонија | • Предлог-измени во Законот за Судскиот совет, во насока на преземање на надлежностите од Советот за утврдување факти и двостепеност во постапката (раздвојување на иницирањето на постапката и одлучувањето). | МП, Собрание | **3** |
| | | • Разрешување на постојните членови на Судскиот совет, по претходно дефинирање по пат на измени во Законот за Судскиот совет, во врска со основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот, во согласност со член 104, став 9 од Уставот на РМ. | МП, Собрание | **3** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Зајакнување на независноста на Советот на јавните обвинители | • Дефинирање на мерки по претходна јавна дебата со вклученост на експерти, обвинители и на граѓанскиот сектор. | МП | **3** |
| **7.** | Воспоставување нов модел на Судскиот совет во насока на депрофесионализација на неговите членови и овозможување тие да продолжат да ги извршуваат судските должности, односно да ја извршуваат својата работа како професионалци во одредени области во правната професија | • Консултации на експерти, јавна дебата и други активности во насока на изнаоѓање на најсоодветниот модел на Судски совет. | МП | **9-12** |
| **8.** | Зајакнување на веќе воспоставените критериуми за назначување на членови во Советот на јавните обвинители од страна на Собранието (четири членови) од редот на „истакнатите правници“ | • Консултации на експерти, јавна дебата и други активности во насока на допрецизирање на критериумите за избор на членови на Советот на јавни обвинители, по примерот на критериумите за избор на членови на Судскиот совет. | МП | **9** |
| **9.** | Повлекување на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната | • Предлог-закон за повлекување на Законот. | Собрание | **3** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Зајакнување на моделот на надзор и контрола над функционирањето и имплементацијата на АКМИС | • Измени и дополнувања на Судскиот деловник и на Деловникот на Врховниот суд. | МП и Врховен суд | **3** |
| **11.** | Воспоставување на специјализирано судско одделение во рамките на Основен суд Скопје 1 коешто ќе постапува по предметите на Специјалното јавно обвинителство (СЈО) | • Одлука на Претседателот на Основниот суд Скопје 1 – Скопје. | Основен суд Скопје 1 - Скопје | **3** |
| **12.** | Продолжување на рокот за натамошно покренување обвиненија до СЈО по однос на предметите што произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите | • Формирање специјален орган или одделение во рамките на Јавното обвинителство на Република Македонија (ЈОРМ) или Основното јавно обвинителство (ОЈО) за гонење на организиран криминал и корупција (со согласност на СЈО, на начин предвиден со член 6, став 5 од Законот за Јавното обвинителство). | ЈОРМ (веднаш по изборот на нов јавен обвинител) | **3** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | Овозможување непречен пристап до материјалите по барањата на СЈО | • Формирање посебен оддел/ назначување лица за контакт (focal points) во рамките на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) или преземање координирани чекори и активности во таа насока од страна на министерот за внатрешни работи и директорот на УБК. | Министерство за внатрешни работи (МВР), Директор на УБК | **3** |
| **14.** | Измени и дополнувања на Законот за заштита на сведоците | • Предлог-измени и дополнувања на Законот. | МП | **3** |
| **15.** | Доследна примена на законски утврдениот процентуален износ од буџетот наменет за Судскиот буџетски совет | • Организирање јавна дебата за буџетот, со учество на експерти и претставници на граѓанскиот сектор. | Судски совет | **6** |
| **16.** | Преоценување (реевалуација) на носителите на правосудните функции, вклучително и на постојните членови на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители | • Формирање работна група која ќе го предложи моделот и методологијата за преоценување (реевалуација) на носителите на правосудните функции. | МП | **6** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Воспоставување модел на преоценување на носителите на правосудните функции, вклучително и на постојните членови на Судскиот совет и на Советот на јавните обвинители | • Подготвителни активности за воспоставување на новиот модел на оценување. | МП | **9** |
| **18.** | Разгледување и усвојување на веќе подготвените измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка (ЗКП) | • Повторно свикување на работната група за измени на ЗКП формирана при Министерството за правда или формирање нова работна група. | МП | **6** (разгледување и додефинирање на неопходните измени и дополнувања; **9** (усвојување) |
| **19.** | Формирање на истражни центри на Јавното обвинителство, во согласност со член 45 од ЗКП | • Преземање подготвителни дејствија и активности од страна на новоизбраниот Јавен обвинител, вклучително и донесување одлука за нивно формирање. | ЈОРМ | **12** |
| **20.** | Законски измени во насока на избор на нов директор и членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) | • Предлог-измени на Академијата за судии и јавни обвинители. | МП | **6** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **21.** | Менување и унапредување на критериумите во ACJO за прием на слушатели на иницијална обука, како и по однос на избор на обучувачи | • Предлог-измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители. | МП (инклузивен процес со учество на граѓанските организации) | **6** |
| **22.** | Воспоставување на практика на носење одлуки со полна надлежност од страна на Управниот суд и одржување на усна јавна расправа во случаите кога е тоа неопходно | • Преземање чекори во насока на измени на управно-судската практика, во согласност со потребите за ефикасна судска заштита на човековите слободи и права. | Управен суд | **9** |

# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Од особена важност е да се воспостават и реафирмираат институциите за борба против корупцијата, на начин што ќе ја зголеми нивната ефективност и ќе ја зајакне надворешната контрола и механизмите за одговорност поради нестручно и несовесно извршување на нивните овластувања, особено во случаите кога и тие самите ќе станат корумпирани. Оттука, потребно е да се посвети внимание на два приоритети. Првиот е зголемување на интегритетот на институциите, преку нивно јакнење, екипирање со луѓе со интегритет и зголемена иницијативност и отчетност. Вториот приоритет е намалување на клиентелизмот преку обезбедување механизми за отчетност и надворешно набљудување, податоци, практика и процедури кои ги намалуваат корупциските ризици во клучните области.

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Зголемување на интегритетот на институциите | • Собранието носи резолуција со која се бара оставка на членовите на ДКСК. | Собрание | **3** |
| | | • Собранието бара од Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција посебен извештај за неговата работа, со точни статистички информации за случаите што ги води во кои делата се целосно или делумно класифицирани како корупција. Во извештајот треба да се побара преглед за десегрегираните податоци по однос на борбата против висока, средна и ниска корупција. | Собрание | **3** |
| | | • ДКСК објавува историски податоци (во отворен формат) и промени на состојбата на анкетните листови на избраните и именуваните лица и го проширува обемот на информациите што ги објавува. | Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) | **3** |
| | | • ДКСК и МП да подготват посебен извештај за спроведувањето на Законот за заштита на укажувачите. | ДКСК, МП | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Спроведување проценки на ризици од корупција и развој на планови за интегритет во клучните институции. Тие институции се: Министерството за внатрешни работи (МВР), Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), сите инспекторати, сите институции кои даваат помош и субвенции, како и оние што собираат приходи. Врз база на препораките од плановите за интегритет, на среден рок, овие институции ќе треба да ги пополнат празнините во прописите и да развијат дополнителни контролни механизми, онаму каде што се идентификувани ризици. | МВР, УБК, Управа за јавни приходи (УЈП), Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Јавно обвинителство на РМ (ЈОРМ), Финансиска полиција, МЗШВ, Министерство за труд и социјална политика (МТСП) | **3** |
| | | • Ревидирање на сите класифицирани информации во државните институции, проследено со објавување на тоа кои предмети не се поврзани со безбедноста на државата, а „се класифицирани како такви“. | Влада + институции | **3** |
| | | • Подобрување на критериумите за членовите на ДКСК (Измена на Законот за спречување на корупцијата), вклучувајќи и фокус на искуството и експертизата наместо на образованието, како и воведување јавна расправа во Собранието на која граѓански организации со докажано искуство ќе можат да ги сослушуваат кандидатите, како дел од процесот на избор. | Министерство за правда (МП); Собрание | **6** |
| | | • Промена на Законот за јавни набавки со цел секоја идна набавка да мора да има претходно определена буџетска линија. | Влада; Собрание | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Министерството за финансии обезбедува пристап до дневното трошење на буџетските корисници по трансакција, во форма на отворени податоци од сите сметки со кои располагаат институциите.<br>• Работна група во рок од 3 месеци да дефинира кои податоци ќе се објавуваат, во кој формат, колку често (неделно, месечно...). | МФ | **6** |
| | | • Измена на член 23 од Законот за државна ревизија, со цел да се предвиди задолжителна годишна ревизија на политичките партии. | ДЗР; Собрание | **6** |
| | | • Назначување нови членови на Комисијата за заштита на правото за пристап до информациите од јавен карактер (КЗППИЈК). Тие треба да бидат независни експерти со богато искуство на полето на пристапот до информации. | МП; Собрание | **6** |
| | | • Да се овозможи КЗППИЈК да може да покренува прекршочни постапки против имателите на информации кои не постапуваат по барањата. | Собрание; Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (КЗППИЈК) | **6** |
| | | • Да се воведат надлежности за објавување и декласификација на информациите категоризирани како „внатрешни" за целите на зачувување на јавниот интерес, онака како што се дефинирани во Законот за заштита на укажувачите. | Влада | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Обврска и обезбедување ресурси за институциите активно да ги објавуваат документите и одлуките категоризирани како јавни информации. | Влада; КЗППИЈК | **6** |
| | | • Да се обезбедат доволно ресурси (човечки – експерти за податоци) за да се овозможи длабинско набљудување на судирот на интересите и корупцијата за сите избрани и именувани лица, како и за администрацијата, со автоматизирани вкрстени проверки со податоците од јавните набавки и вработувања. | Министерство за финансии (МФ); Собрание; ДКСК | **6** |
| | | • Воведување посебен систем кој автоматизирано ќе отвора предмети за разгледување пред ДКСК во случај кога анкетните листови се непотполни, односно недостигаат информации за изворот на имот. | МП; ДКСК | **6** |
| | | • Повторно да се воспостави и да се направи поефикасна правната обврска за меѓусебно поврзување на УЈП и ДКСК за вкрстено проверување на анкетните листови. | ДКСК; УЈП | **9** |
| | | • Да се воспостави и да се зголеми капацитетот на истражните центри на ЈООКК | МФ; Собрание | **9** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Отворање јавна дебата за измена на моделот на ДКСК преку измена на Законот за спречување на корупцијата.<br>• Формирање работна група составена од граѓански организации, стручни служби на ДКСК, МП и други институции кои ќе подготват предлог-измени на Законот. Тоа би опфатило нови критериуми за именување, нов начин на избор, но и подобро дефинирање на критериумите за разрешување и одговорност. | стручните служби на ДКСК, МП; граѓанските организации | **12** |
| **2.** | Намалување на клиентелизмот | • БЈН да ги објави сите податоци за јавните набавки како отворени податоци, за да им се овозможи на граѓанските организации да го испитуваат постоењето на клиентелистички мрежи. | Биро за јавни набавки (БЈН) | **3** |
| | | • Да се преосмисли употребата на најниската цена како единствен критериум. Според новата директива на ЕУ, „економски најповолната понуда“ е одредена како главен критериум, составен од повеќе елементи, каде што покрај цената се наведени и квалитетот и ценовната исплатливост. | МФ; БЈН | **3** |
| | | • Забрана за бланко-оставки на избраните и именувани лица. Забрана за важност на мениците на избраните и именуваните лица кои ги прават зависни од политичките партии или од нивните политички патрони. Изрекувањето санкции за ваквата практика треба да се вклучи во Изборниот законик. Тие санкции треба да вклучат и забрана за учество на следни избори. | Собрание; ЈОРМ | **3** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Подготовка на анализа на финансиските импликации и потребни буџетски средства за соодветна примена на Законот за заштита на укажувачите. | ДКСК; МФ | **3** |
| | | • Бирото за јавни набавки обезбедува пристап на граѓанските организации на самото место за да ја набљудуваат работата на комисиите за јавни набавки. Дополнително, треба да се обезбеди институциите да ја објават целосната документација на понудувачите, за да се помогне граѓанското набљудување. | МФ; БЈН | **6** |
| | | • Трговскиот регистар да се обезбедува бесплатно (алтернатива на граѓанските организации и новинарите). | Влада; Централен регистар на Република Македонија | **6** |
| | | • Да се создаде работна група помеѓу ДКСК, УЈП, Финансиската полиција и ДЗР за да се испита финансирањето на политичките партии и трошењето во изминатите три години. Методологијата, наодите и препораките за следните чекори треба да се консултираат со граѓанските организации (со потврдено искуство во областа на финансирањето на политичките партии) низ повеќе фази на изработка на анализата и истрагата, за да се обезбеди транспарентност и отчетност дека процесите што ќе произлезат од наодите навистина ќе се спроведат. | ДКСК; ДЗР, УЈП, ФП | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Да се измени Законот за заштита на укажувачите за да не се даде можност судовите во кој било момент да можат да го обелоденат идентитетот без претходна согласност. Имплементација на препораките од Венецијанската комисија. | МП; Собрание | **6** |
| | | • Институциите да номинираат лица за примање пријави од укажувачите, а информацијата да ја достават до ДКСК.<br>• ДКСК редовно да ја ажурира листата на номинираните лица. | ОДУ; ДКСК | **6** |
| | | • Зголемување на техничките спецификации кои обезбедуваат анонимност на укажувачите во секое време. | МП; ДКСК; Собрание | **6** |
| | | • Повлекување на членовите од Законот што го воспоставуваат Советот за јавни набавки и распуштање на членовите на Советот. | Собрание | **6** |
| | | • Ревидирање и измена на т.н. негативни референци за компаниите. | МФ; БЈН | **6** |
| | | • Воспоставување посебни ад-хок комисии во Собранието за следење на големите јавни набавки. | Собрание | **6** |
| | | • Да се зајакне имплементацијата на законските мерки за 70-процентно оданочување на нелегитимниот имот и да се иницира соодветна примена на Кривичниот законик во делот на криење на потеклото на несоодветно стекнатиот имот (член 359-а). | УЈП | **6** |
| | | • Објавување информации за сопственост на име на политичките партии. | ДЗР | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Поврзување на Регистарот на имотот, приходите и интересите на избраните и именуваните лица со УЈП. | ДКСК; УЈП | **6** |
| | | • Измена на Изборниот законик дека политичка партија со две години по ред ревизорски извештај со квалификација не може да учествува на избори.<br>• Работна група од ДЗР и МП во рок од три месеци да одреди кој тип квалификација ќе се смета за негативен. | МП; Собрание | **9** |
| | | • Зајакнување на надлежностите на ДЗР, заедно со Финансиската полиција и НБРМ, за набљудување на приходите и трошењето, како и потеклото на парите донирани на политичките партии. | ДЗР; ФП; НБРМ | **9** |
| | | • Да се зајакне примената на финалното конфискување во раната фаза на кривичната постапка за случаи поврзани со корупција. | ЈОРМ; ДКСК; ДЗР | **9** |
| | | • Воведување систем за финансирање на политичките партии исклучиво од јавни средства и забрана за какви било приватни донации. Сите регистрирани политички партии ќе добиваат иста основна сума средства, додека дополнителни средства ќе се добиваат пропорционално на бројот на пратеничките (или претставничките) места во општинските совети. | МП | **12** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Различно мислење за финансирањето на политичките партии: Воведување механизам за задолжителна проверка на потеклото на средствата за секоја донација и зголемување на данокот за донации на политичките партии. Целта на ова е да се зголемат јавните приходи за интервенции во другите области од јавен интерес. | МП | **12** |

# ИЗБОРИ И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Клучни приоритети во оваа област се: продолжување со реформата на Државната изборна комисија (ДИК) и изборната администрација и прочистување на Избирачкиот список. Дополнително, се предлага надминување на неколку долгорочни слабости на изборите и на изборниот систем поврзани со начинот на избор на пратениците, гласањето во странство, регулирањето на изборната кампања и учеството на лицата со посебни потреби во изборниот процес.

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Продолжување со реформата на ДИК и на изборната администрација | • Измена на Изборниот законик (ИЗ) - Избор на генерален секретар на ДИК со двотретинско мнозинство. | Министерство за правда (МП), Собрание на РМ | **6** |
| | | • Измена на ИЗ: промена на составот на општинските изборни комисии и на избирачките одбори - 1 член од администрацијата и 4 члена од политичките партии. | МП, Собрание на РМ | **6** |
| | | • Формирање посебно тело во рамките на ДИК кое ќе биде задолжено за директен надзор над пониските изборни органи. | ДИК | **6** |
| | | • Ревидирање и оптимизација на буџетот на ДИК преку кратење на непотребните трошоци и соодветно финансирање на реалните потреби. | ДИК, Министерство за финансии (МФ) | **6** |
| | | • Евалуација на човечките ресурси и компетенциите на вработените во стручната служба на ДИК и соодветно постапување (отпуштање или вработување на нов кадар). | ДИК, генералниот секретар | **9** |
| | | • Дигитализација на работата на ДИК и на изборната администрација. | ДИК | **12** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Прочистување на Избирачкиот список | • Одвојување на избирачите со спорни записи во посебен избирачки список за локалните избори. | МП, ДИК | **3** |
| | | • Подготвување нов протокол за ефикасна и ефективна комуникација меѓу надлежните институции за ажурирање на Избирачкиот список, вклучително и преку состанување на работната група за прочистување на Избирачкиот список. | ДИК, Министерство за внатрешни работи (МВР), судовите и Управата за водење на матичните книги | **3** |
| | | • Подготвување нова методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список која ќе ги замени двете постоечки методологии и ќе вклучува јасни одредби и процедури за сите аспекти од овој процес. | ДИК | **6** |
| | | • Воведување централизирана база на податоци/цивилен регистар која би била водена од независно тело и во која би се прибирале податоците за граѓаните кои ги поседуваат сите државни институции. | Влада на РМ, Собрание на РМ | **12** |
| | | • Решавање на проблемот со имињата на улиците и куќните броеви и регулирање на условите за промена на имињата на улиците. | Агенција за катастар, Централен регистар, единиците на локалната самоуправа, Собрание на РМ | **12** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Надминување на слабостите на изборниот процес и на изборниот систем | • Ревидирање на ИЗ со цел да се отстранат сите правни празнини и контрадикторности, како и да се унифицираат различните или непрецизните термини за одредени аспекти од изборниот процес. | МП, Собрание на РМ | **12** |
| | | • Синхронизирање на Изборниот законик со другите закони што се поврзани со различни аспекти на изборниот процес. | МП и другите надлежни институции, Собрание на РМ | **12** |
| | | • Отворање широка дебата за можноста за подобрување на изборниот систем, преку воведување на преференцијално гласање, како и дебата за бројот на изборните единици, а доколку е потребно, и изменување на ИЗ. | МП, Собрание на РМ, ДИК, политичките партии, експертите, граѓанското општество | **12** |
| | | • Отворање широка дебата за сите аспекти од гласањето во странство: бројот и местото на живеење на државјаните на РМ кои живеат во странство, изборниот систем, бројот на изборни единици, бројот на пратеници, еднаквоста на гласот, начинот на гласање итн. по што треба да следува и измена на ИЗ. | МП, Собрание на РМ, ДИК, политичките партии, експертите, граѓанското општество, претставниците од дијаспората | **12** |
| | | • Регулирање на дозволените активности на политичките партии во периодот меѓу распишувањето на изборите и потврдувањето на кандидатските листи. Алтернативни опции се изборната кампања да трае од самото распишување на изборите или воопшто да не биде регулирана. | МП, Собрание на РМ | **12** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Овозможување еднакви услови за учество на лицата со попреченост во изборниот процес (статус на лицата со попреченост, пристап до гласачкото место, начинот на уредување на гласачкото место и гласачката кутија, гласачките паравани, упатството за гласање, начинот на гласање, гласачките ливчиња и другите материјали, веб-страницата на ДИК). Измена на ИЗ (онаму каде што е потребно). | МП, Собрание на РМ, ДИК | **3** |
| | | • Усогласување на изборното законодавство со одредбите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, со вклучување на лицата со попреченост и на здруженијата на граѓаните кои ги застапуваат во овој процес. | Влада на РМ, МП, Собрание на РМ, ДИК | **12** |

# ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Јавната администрација е силно политизирана и користена како еден од главните столбови на партискиот клиентелизам. Честите промени на законската рамка, нејзиното селективно спроведување и недостигот од транспарентност, создадоа несигурност внатре во администрацијата, но и во однос на обезбедувањето услуги за граѓаните. Десетгодишниот процес на необјективно вработување и унапредување придонесе кон заробување на институциите.

Предложените мерки се во насока на зајакнување на системот на вработување и унапредување врз основа на вредностите и заслугите, кој ќе поттикнува професионализам и компетентност во јавната администрација. Крајната цел е да се врати интегритетот на институциите и довербата во нив, како и да се постигне пропорционално димензионирана, професионална, политички независна и ефикасна администрација. Имајќи ја предвид длабоко вкоренетата практика на мешање на државата и партијата, новата Влада мора да обезбеди ефективно одвојување на државата од партијата.

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Транспарентност и отчетност | • Зголемување на обемот на отворените податоци објавени од Владата и од институциите од јавниот сектор, вклучително и преку активна транспарентност (ВРМ да донесе одлука, со која секоја институција од јавниот сектор ќе биде задолжена на сопствената веб-страница да ги објави годишниот извештај за работа за последните три години, стратегиите и акциските планови кои е надлежна да ги спроведува, годишната програма за работа, систематизацијата на работните места со органограм, како и одговорите на барањата за јавен пристап до информациите издадени во последните три години). | ВРМ, сите институции од јавниот сектор | **3** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Редовно и навремено објавување на дневниот ред и записниците од одржаните седници на ВРМ, како и на донесените одлуки, вклучително и оние што не се објавуваат во Службен весник на РМ. | ВРМ, Генерален секретаријат | **3** |
| | | • Подготвување препораки за управување со отворените податоци, како и воспоставување минимум стандарди за централната и за локалната администрација. | Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) | **9** |
| | | • Преглед/ревизија на сите класифицирани информации во рамките на органите на државната управа (информации кои не се однесуваат на безбедноста на државата, но се „класифицирани како такви" од страна на имателите на информации, со цел да се прикрие трошењето на државниот буџет). | Дирекција за класифицирани информации, ВРМ, органите на државната управа (ОДУ) | **9** |
| | | • Проширување на мандатот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за иницирање прекршочна постапка против имателите на информации кои не ги доставиле бараните информации. | МП, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | **12** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Управување со човечките ресурси | • Донесување упатство за спречување на злоупотребата на државните ресурси за партиски цели со детални инструкции за спроведување на соодветните законски одредби од релевантните закони и подзаконски акти. | ВРМ | **3** |
| | | • Подготвување извештај со сеопфатни податоци за вработувања врз основа на договори за дела, вработувања преку агенции за привремени вработувања, консултантски договори и сл. (како минимум, информацијата треба да содржи податоци за типот на договорот, времетраењето, износот/платата, демографските карактеристики, итн.). | МИОА | **3** |
| | | • Зголемување на транспарентноста на податоците за вработените во јавниот сектор:<br>а) Јавно објавување на листите на тековно вработените лица (пополнети работни места) во јавниот сектор (име и презиме, категорија/звање и работно место, година на вработување во јавниот сектор и вкупно работно искуство, опис на работното место и задачи и контакт-детали);<br>б) Објавување на преглед на изречените дисциплински мерки и резултатите од оценувањето на вработените (според погоре наведените категории, за да се овозможи проценка на практиките за вработување). | МИОА, сите институции од јавниот сектор | **3** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Осигурување сеопфатност во методологијата што се применува при изработката на извештајот од регистарот на вработените во јавниот сектор (вклучување на сите институции на јавниот сектор, со десегрегирани податоци според видот на вработувањето (вклучително и привремени вработувања), а податоците да се одржуваат и ажурираат на ниво на институција и на ниво на јавниот сектор). | МИОА | **9** |
| | | • Враќање на форматот на дисциплинските комисии од три члена и зголемување на одговорноста на одделенијата за управување со човечки ресурси во дисциплинските постапки. | МИОА | **9** |
| | | • Преглед/ревизија на методологијата за оценување на административните службеници и воведување усогласена методологија за оценување на сите вработени во јавниот сектор. | МИОА | **6** |
| | | • Доследно и редовно применување на член 19а од ЗАС (Комисија за ревизија на постапката за селекција на административните службеници при Агенцијата за администрација), вклучително и ревизија на сите постапки за селекција спроведени во текот на 2015 и 2016 година. Исто така, да се разгледа можноста за проширување на мандатот на Комисијата. | МИОА, АА | **9** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Унапредување на примената на ЗОУП | • Подготовка на информација за досегашната примена во ЗОУП, со идентификација на клучните предизвици и предлог-решенија. | МИОА | **3** |
| | | • Доследна примена на ЗОУП преку формирање на организациони единици за водење на управните постапки и овластување на раководните службеници да решаваат во управните постапки (изборот да зависи од систематизацијата, т.е. од работното место). | ОДУ | **6** |
| **4.** | Инклузивна и квалитетна Стратегија за реформа на јавната администрација (РЈА) | • Изработка на целосна функционална анализа на сите институции од извршната власт [и од јавниот сектор]. | ВРМ, МИОА | **12** |
| | | • Да се разгледа можноста за реформирање или напуштање на системот на отворени работни места, така што ваквата практика би била исклучок, а не општ принцип за вработување на државни службеници. АЛТЕРНАТИВА: воспоставување на поригорозен систем на кариера (мислењата за ова прашање се разликуваат). | МИОА | **3** |
| | | • Воспоставување група на високи државни службеници, која ќе биде целосно професионализирана, а нивните мандати одделени од мандатот на Владата. | МИОА | **3** |
| | | • Воспоставување сеопфатна државна служба, во која ќе бидат вклучени сите институции на централната извршна власт за кои ќе важат исти правила за управување со човечките ресурси.<br>• Усогласување на посебните прописи со општата правна рамка (ЗАС и ЗВЈС). | МИОА | **12** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Зајакнување и проширување на улогата на Агенцијата за администрација, особено во однос на обуката (Академија за обука) и испитување и оценување на успешноста на политиките (Центар за одличност). | МИОА | **6** |
| | | • Преиспитување на моделот за обука - функционална анализа, во согласност со потребите и компетенциите на административните службеници. | МИОА | **3** |
| | | • Сеопфатно уредување на прашањето за кабинетите на политичките раководители (вклучително и улогите, правата и одговорностите на посебните советници и кабинетските службеници vis-a-vis професионалните административни службеници, бројот на советниците, нивните плати плати, награди, итн.). | МИОА | **6** |
| | | • Вклучување мерки за обезбедување интероперабилност на различните бази на податоци. | МИОА | **3** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Креирање инклузивни политики врз основа на докази | • Сите министерства да ги објават годишните планови за проценка на влијанието на регулативата. | ВРМ, ОДУ | **3** |
| | | • Конзистентна, навремена и целосна имплементација на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата, вклучувајќи и задолжителни консултации со граѓанското општество. | ОДУ | **9** |
| | | • Подготовка на извештај за самоевалуација за квалитетот на консултативниот процес во изминатата година (повратна информација од засегнатите страни, одговори од институциите, прифатени/одбиени предлози, причини итн.). | ОДУ | **9** |
| | | • Зголемување на достапноста и квалитетот на сите податоци што администрацијата ги генерира како евиденција на своето работење. | ОДУ | **9** |
| | | • Објавување на плановите за евалуација и спроведување на предвидените две екс-пост анализи на законите за изминатата година. | ОДУ | **12** |
| | | • Продолжување на временската рамка за консултации на ЕНЕР на најмалку 20 дена. | МИОА, ВРМ | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Примена на принципот на соодветна и правична застапеност | • Пополнување на упразнетите позиции на раководниот кадар од постоечкиот кадар на институциите, во согласност со заслугите и правичната застапеност. | МИОА | **6** |
| | | • Имплементација на методологијата за вработување во јавниот сектор, вклучително и преку распоредување на веќе вработените службеници врз основа на принципот на правична застапеност и примена на санкции за неспроведување на истата. . | МИОА | **12** |
| | | • Воспоставување модел за управување со различностите во рамките на јавната администрација. | МИОА, Секретаријат за имплементација на Охридскиот рамковен договор | **12** |
| | | • Примена на принципот на соодветна и правична застапеност, т.н. мерит-принцип, при вработувањата во јавниот сектор, со особен фокус на помалите заедници, вклучително и заедниците кои не се споменати во Уставот. | МИОА | **12** |

# КОНТРОЛА ВРЗ ПОЛИЦИЈАТА И АГЕНЦИИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И (КОНТРА)РАЗУЗНАВАЊЕ

Иако работата на Министерството за внатрешни работи и на службите за разузнавање и контраразузнавање е предмет на контрола од внатрешни и надворешни механизми, истите не ги постигнаа очекуваните резултати, а најголем доказ за тоа се незаконски прислушуваните разговори што беа објавени во текот на 2015 година.

Во 2012 година, тогашните опозициски партии во Собранието поднесоа предлог-закон за полициски правобранител, но тој беше одбиен од парламентарното мнозинство. Во април 2014 година МВР изјави дека ќе воспостави независен механизам за надворешна контрола. Во 2016 година, со поддршка на Советот на Европа и МВР, беше формирана работна група на експерти од којашто произлегоа конкретни предлози за решение на состојбата во Македонија.

Главна цел е да се обезбеди кредибилна, ефективна и надворешна цивилна контрола врз полицијата и тајните служби, а идниот независен механизам за надворешна контрола врз полицијата да вклучува членови (на рамноправна основа) на граѓанските организации, универзитетите, јавните обвинителства и пензионираните полициски службеници со еднакви одговорности и задачи, да се зајакне парламентарната контрола врз полицијата и службите за разузнавање, да се зголеми финансиската контрола врз Министерството за внатрешни работи, како и да се засили надзорот над работата на службите за безбедност и (контра)разузнавање од страна на независните контролни механизми.

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Воспоставување надворешен механизам за контрола врз полицијата | • Да се отвори јавна дебата во однос на предлозите на работната група на експерти, поддржана од Советот на Европа, за надворешен механизам за надзор на работата на полицијата преку независно тело за граѓанска контрола или преку посебно одделение во рамките на Народниот правобранител. | Министерство за внатрешни работи (МВР), Министерство за правда (МП), Јавно обвинителство (ЈО), Совет на јавните обвинители, Собрание, Народен правобранител (НП) | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Да се поддржат законските решенија предложени од работната група, поддржана од Советот на Европа, за надзор на работата на полицијата од страна на Јавното обвинителство. Државните институции да побараат вклучување на Советот на Европа заради продолжување и довршување на процесот. | МВР, МП, ЈО, Собрание | **9** |
| | | • Да се формира работна група за подготовка на предлог-закон за надворешен механизам за надзор на работата на полицијата. | МВР, МП, ЈО, Собрание, НП | **3** |
| | | • Да се отвори јавна дебата во однос на предложената законска рамка за надворешен механизам за надзор на работата на полицијата. | МВР, МО, ЈО, Собрание, НП | **6** |
| | | • Да се донесат законски измени што ќе овозможат надворешен механизам за надзор на работата на полицијата. | МВР, МП, ЈО, Собрание, НП | **9** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Подобрување на внатрешниот механизам за контрола на полицијата | • Да се формира работна група за ревидирање и измена на законските и на подзаконските решенија поврзани со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. | МВР, МП, ЈО Собрание, НП, вклучување на Полицискиот синдикат | **3** |
| | | • Да се отвори јавна дебата за ревидирање и измена на законските и на подзаконските решенија поврзани со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. | МВР, МП, ЈО, Собрание, НП, вклучување на Полицискиот синдикат. | **6** |
| | | • Да се донесат законски и подзаконски решенија поврзани со одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. | МВР, МО, ЈО, Собрание, НП, вклучување на Полицискиот синдикат | **9** |
| **3.** | Зголемена финансиска контрола на Министерството за внатрешни работи | • Да се изврши надворешна ревизија на финансиското работење на Министерството за внатрешни работи. | МВР, Државен завод за ревизија (ДЗР) | **6** |
| **4.** | Подобрување на интегритетот на полицијата | • Формирање работна група преку инклузивен процес за развој на план за интегритет на полицијата. | МВР | **3** |
| | | • Создавање нов план за интегритет на полицијата. | МВР | **9** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Подобрување на функционирањето на безбедносно -разузнавачкиот/ контраразузнавачкиот систем во функција на поголема ефикасност, законско работење и почитување на човековите права | • Промена на Законот за електронски комуникации со цел да се одземе посредничката улога на УБК и директниот пристап до техничката опрема која дозволува отсликување на комуникацискиот сигнал, односно пристапот да се обезбедува исклучиво по судска наредба. | Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), МВР, Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК), Собрание, Агенција за електронски комуникации (АЕК) | **3** |
| | | • Да се формира меѓуресорска работна група за преоценување на функционирањето на безбедносно-разузнавачкиот/ контраразузнавачкиот систем. | МВР, Претседателот на РМ, Министерство за одбрана (МО), МП, Агенција за разузнавање (АР), Собрание, УБК | **3** |
| | | • Да се подготват предлог-решенија за промена на законската рамка, во насока на подобрување на функционирањето на безбедносно-разузнавачкиот/ контраразузнавачкиот систем. | МВР, Претседателот на РМ, МО, МП, АР, Собрание, УБК | **12** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Зајакнување на парламентарната контрола на работата на агенциите за безбедност и (контра)разузнавање | • Засилување на капацитетите на Комисијата за надзор над работата на спроведувањето на посебната истражна мерка „следење на комуникациите“ и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) и Агенцијата за разузнавање (АР), преку ангажирање стручни лица. | Собрание | **9** |
| | | • Да се воспостави соработка на собраниски комисии со другите тела кои имаат улога во надзорот и контролата на безбедносно-разузнавачките служби. | Собрание, Дирекција за заштита на личните податоци, ДЗР, ЈО, НП | **3** |
| | | • Да се измени законската рамка со цел јасно да се утврди мандатот на собраниските комисии и механизмите за надзор. | Собрание, УБК. | **6** |
| | | • Да се измени законската рамка со цел да се прецизираат обврските на УБК во однос на собраниската комисија. | Собрание, УБК | **6** |
| | | • Да се обезбеди пристап до базата на податоци од следењето на комуникациите во рамките на службите за потребите на најавениот и ненајавениот надзор од страна на надзорните тела. Имињата да не бидат достапни за вршителите на надзорот. | Собрание, МВР, НП, Дирекција за заштита на личните податоци | **9** |
| | | • Да се измени Кривичниот законик на тој начин што опструкцијата на надзорот ќе се смета за кривично дело. | Собрание, МП | **9** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Подготовка на годишен план за работа на Комисијата за надзор над работата на спроведувањето на посебната истражна мерка „следење на комуникациите“ и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) и Агенцијата за разузнавање (АР) | Собрание | **3** |
| **7.** | Зајакнување на контролата на телекомуника-циските оператори, во делот на следењето на комуникациите | • Да се овозможи собраниските комисии да вршат надзор над телекомуникациските оператори. | Собрание | **6** |
| | | • Воведување построги казни за вработените во операторите кои неовластено ќе пристапат или ќе овозможат пристап до мета-податоците или до содржината на комуникациите. | Собрание, МИОА, МВР | **9** |
| **8.** | Воведување дополнителен граѓански/ експертски надзор на следењето на комуникациите | • Да се отвори дебата за воведување дополнителен граѓански/експертски надзор над следењето на комуникациите. | Собрание, Претседателот на РМ, МВР, АЕК, академската заедница | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Подобрување на транспарентноста на државните институции и операторите | • Да се воведе законска обврска за судовите (на годишно ниво) да објавуваат колку барања добиле од државните органи за следење на комуникациите (идентична методологија како кај ЈО), за колку лица се побарани, на која основа и колку такви барања биле одбиени од страна на судовите. Статистичките податоци да се објавуваат најдоцна три месеци по истекот на календарската година. | Собрание, МП, Судски совет | **6** |
| | | • Да се воведе законска обврска за операторите (на годишно ниво) да објавуваат статистички податоци за бројот на добиените судски налози и за бројот на следените телефонски линии. | Собрание, МП, МИОА, Судски совет | **6** |
| **10.** | Продлабочена едукација на институциите кои имаат надлежност во следењето на комуникациите | • Да се интензивираат обуките на јавните обвинители и на судиите за заштита на правото на приватност и пропорционалноста на примената на мерката „следење на комуникациите“. | Академија за судии и јавни обвинители | **3** |
| | | • Едукација на вработените во МВР, Министерството за одбрана, Финансиската полиција и Царинската управа за концептот на надзор и отчетност и важноста на овој концепт за демократското општество. | МВР, МО, Финансиска полиција, Царинска управа | **6** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Засилен надзор на работата на агенциите за безбедност и (контра)разузнавање од страна на независните контролни механизми | • Проактивно да се користат надлежностите на независните контролни механизми, во насока на надзор на работата на агенциите за безбедност и (контра)разузнавање. | НП, ДЗР, Дирекција за заштита на личните податоци. | **3** |
| | | • Спроведување интензивни обуки на вработените и вработување стручни лица со цел да се зајакнат капацитетите на независните контролни механизми (Народниот правобранител, Државниот завод за ревизија, Дирекцијата за заштита на личните податоци). | НП, ДЗР, Дирекција за заштита на личните податоци | **12** |

# СОБРАНИЕ

Поделбата на власта ја утврдува важната улога што ја ужива Собранието во една демократска држава. Должност на Собранието е да го одредува политичкиот пат на државата, преку разгледување, дискусија и усвојување на закони со цел да ја исполни својата законодавна улога. Во последните неколку години, Собранието на Република Македонија стана сè позависно од извршната власт. Владата и министерствата се најголеми предлагачи на законите, додека Собранието функционира само како верификатор на предлог-законите, со што ја минимизира својата законодавна улога. Освен скромната ангажираност во исполнувањето на својата законодавна улога, Собранието не успеа да ја изврши својата должност да ја контролира и да ја надгледува работата на извршната власт, ограничувајќи ја во донесувањето на одлуките што се спротивни на јавниот интерес, а со тоа не успеа и да ја исполни својата должност да ги претставува граѓаните на Република Македонија и нивниот глас. Ова придонесе кон слабеење на квалитетот на законодавството, правна несигурност, нарушување на принципот на поделба на власта, намалување на важноста на контролната улога на Собранието и намалена одговорност и транспарентност на институциите.

Со оглед на контекстот во кој се наоѓа Собранието и другите државни тела, овој документ ги содржи следниве мерки за подобрување на улогата на Собранието. Прво, документот се фокусира на транспарентноста на работата на Собранието и вклучувањето на јавноста, потоа фокусот се преместува на мерките за подобрување на собраниската контрола. Мерките во третиот дел на матрицата се фокусираат на постапката за донесување закони и на ефективноста, како и на квалитетот на собраниските дискусии, додека на крај се осврнува на улогата на Собранието во процесот на ЕУ-интеграциите.

Предложените мерки за реформи на Собранието се приоритетни за процесот на демократизација на Република Македонија и истакнувањето на важната улога на Собранието на РМ.

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Зголемување на транспарентноста на работата на пратениците, со цел генерално да се зголеми транспарентноста на Собранието | • Дополнување на профилната страница на секој од пратениците со контакт-телефон и дополнување на информациите во биографиите на пратениците; дополнување на профилната страница на секој пратеник, со историја за гласањето по сите точки од дневниот ред на кои учествувал/а (по примерот со Европскиот парламент); поставување информации за патните трошоци на профилната страница на секој од пратениците; евиденција за секој пратеник за тоа за кои точки земал/а збор; поставување интернет-линк до анкетниот лист на пратеникот/чката од сајтот на ДКСК (пример, Претставничкиот дом во Обединетото Кралство и Конгресот во САД); отворена евиденција за присуството на пратениците објавена на профилната страница на пратениците. | Собрание и собраниска служба | 9 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Контакти на пратениците со граѓаните: најава на интернет страницата за тоа кој пратеник каде и кога ќе биде присутен во петок, со цел граѓаните да можат да присуствуваат на средбите, и поставување секција на веб-страницата „Прашај го пратеникот“, на која граѓаните ќе можат да поставуваат прашања до пратениците. Притоа, прашањата ќе бидат јавно видливи. Во оваа секција треба да им се овозможи на граѓаните да поддржат веќе поставено прашање од страна на други граѓани, со што одредени прашања од повисок јавен интерес можат да добијат поголема поддршка и да станат приоритетни за одговарање од страна на пратеникот или пратениците. Исто така, треба да се овозможи поднесување е-петиции до Собранието, пратениците и пратеничките групи. | Собрание и собраниска служба | 9 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Поставување општ дневник и календар на состаноци на Собранието, кој ќе содржи информации за тоа кој пратеник со кого остварил/а или ќе оствари контакт, која е темата на состанокот, а истите информации, според пратеник, треба да бидат поставени и на профилната страница на пратеникот (квартално). | Собрание и собраниска служба | 9 |
| | | • Изработка и поставување јасен образец за барање за набљудување на пленарната седница или седницата на работното тело и изработка и поставување јасен образец за барање за учество на седницата на работното тело (За претходните две точки е потребно означување на адресата/службеното лице кое го прима барањето, наведување на рокот во кој треба да се одговори на барањето, наведување на лицето кое постапува по барањето, и наведување на образложение, доколку барањето се одбива.) | Собрание и собраниска служба | 9 |
| | | • Изработка на прирачник во кој јасно и едноставно, чекор по чекор, ќе се објаснат сите фази за тоа како граѓаните или граѓанските организации можат да иницираат законодавна процедура, како и локациите во изборните единици каде што треба да се собираат потписи. | Собрание и собраниска служба | 9 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Зајакнување на програмската шема на собранискиот канал во рамките на јавниот радиодифузен сервис, во насока на овозможување навремени информации за распоредот на пленарните и комисиските седници, како и нивен пренос во живо | • Според член 35 од Законот за Собранието, Советот на Собранискиот канал обезбедува емитување на активностите на Собранието, преку програмскиот сервис, и треба да се воведат одредби во Законот за Собранието кои ќе го регулираат функционирањето на Собранискиот канал и собраниската веб-страница во согласност со наведените принципи во приоритетите. | Собрание и Совет на Собранискиот канал | 9 |
| **3.** | Стенографските белешки од комисиските седници треба да бидат јавни, преку собраниската веб-страница, како што во моментов е уредено за пленарните седници. Исто така, освен снимките од пленарните седници, на собраниската веб-страница треба да бидат достапни и снимките од комисиските седници | • Промена на член 107 од Деловникот за работа на Собранието на РМ со цел задолжително објавување на стенографските белешки од комисиските расправи на веб-страницата на Собранието. | Собрание и собраниска служба | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Според член 233 од Деловникот на Собранието на РМ, Собранието има веб-страница на која се внесуваат општи податоци за Собранието, работните тела, претседателот на Собранието, пратениците, пратеничките групи, делегациите на Собранието, донесените закони, седниците и другите активности на Собранието, за Службата на Собранието и други податоци поврзани со организацијата и работата на Собранието.<br>Во овој дел треба да се специфицира дека освен пленарните седници, Собранието има обврска да ги објави и снимките од комисиските седници.<br>Притоа, достапноста на видеата на сајтот на Собранието не може да биде ограничена на употребата на само еден интернет прелистувач (Internet Explorer). | Собрание и собраниска служба | 12 |
| | | • Придружните документи поврзани со предлог-законите (извештаи, проценки на регулативата, анализи) треба да бидат поставени на собраниската веб-страница и лесно да се пребаруваат. | Собрание и собраниска служба | 9 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Генералниот секретар на Собранието на РМ треба да подготви нова систематизација на собраниската служба, со цел истата да биде ефикасна, професионална и кадровски добро екипирана | • Подготовка и носење на нова систематизација на собраниската служба од страна на Генералниот секретар. | Собрание и собраниска служба | 9 |
| **5.** | Воведување механизам за посуштествено вклучување на засегнатите страни, особено на граѓанскиот сектор, преку регистрација и акредитација според тематски области | • Воведување одредби во Деловникот со кои ќе се воспостави и ќе се регулира регистрацијата и акредитацијата на засегнатите страни за учество во собраниските активности. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Предвидливоста на работата на Собранието ветува поголема правна сигурност. Поголема предвидливост може да се достигне на два начина:<br><br>Со воведување на месечен или квартален распоред за сите собраниски активности, со цел да се овозможи полесно вклучување на засегнатите страни во законодавниот процес<br><br><u>Алтернативен предлог</u>: Според Уставот на РМ, Собранието е во постојано заседание, но постои можност да работи во циклуси од 6 недели, при што првите две недели се предвидени за состаноци на работните тела (комисиите) и на пратениците со конституентите и со засегнатите страни; вторите две недели се предвидени за работата на комисиите, како подготовка за пленарните седници, а последните две недели се предвидени за пленарни седници. Циклусот се повторува веднаш по завршувањето на последната пленарна седница од претходниот циклус | • Воведување одредби во Деловникот кои ќе овозможат креирање редовен месечен/квартален распоред за собраниските активности и за алтернативното решение со 6 неделни циклуси. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Јавните расправи треба да бидат реформирани и задолжителни на почетокот на секој законодавен процес. Во моментов, одлучувањето за потребата од јавни расправи е оставено на волјата на претседателите на собраниските комисии | • Потребно е воведување на посебна секција во Деловникот на Собранието на РМ со која јавните расправи ќе се воспостават како задолжителни за почетокот на секој законодавен процес, или додавање нови членови во секцијата за Работни тела од член 117 до член 131 од Деловникот на Собранието на РМ. | Собрание | 12 |
| **8.** | Јавен пристап до изработените анализи на Парламентарниот институт | • Објавување на интернет-страницата на Парламентарниот институт и на веб-страницата на Собранието. | Парламентарен институт | 6 |
| **9.** | Треба да се поедностави постапката за свикување надзорна расправа, односно одржување надзорна расправа можат да побараат десет, наместо петнаесет пратеници. Претседателот на работното тело ќе биде должен веднаш да свика надзорна расправа<br>Исто така, поканите сведоци и функционери треба задолжително да бидат присутни на надзорните расправи, доколку за тоа имаат покана од Собранието на РМ | • Промена на член 21 став 3 од Законот за Собранието за да се овозможи надзорна расправа да можат да побараат 10 пратеници. | Собрание | 12 |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Промена на член 20 став 4 од Законот за Собранието, каде што наместо имаат обврска ќе стои задолжително („Поканетите овластени претставници имаат обврска да присуствуваат на седницата на која ќе се одржи надзорната расправа“). | Собрание | 12 |
| **10.** | Сите функционери и претставници на институциите треба да се должни да ги образложат нивните извештаи пред Собранието, со цел да се зголеми отчетноста на овие институции, а треба да се воведе и мерка разрешување на претставниците на институциите кои не се појавиле двапати на покана од страна на Собранието | • Пратениците да бараат одговорност и оставки од функционерите кои одбиваат (кои не се појавиле двапати на покана од страна на Собранието) да се појават на сослушување во рамките на комисиските расправии на кои треба да ја извршат обврската да ги образложат нивните извештаи. Ова може да се постигне преку воспоставување правна рамка (деловнички промени - нови членови во делот за работните тела 117-131) што ќе ја стимулира одговорноста на раководителите на институциите кои не одговараат со присуство по покана од Собранието. | Собрание | 12 |
| **11.** | Вонредни извештаи од регулаторните и од надзорните тела задолжени да ги разгледуваат случаите на изборни измами, медиумски клиентелизам и корупција на високо ниво, треба да бидат воведени по барање на Собранието. Ова ќе ја зајакне надзорната и контролната улога на Собранието кон овие тела | • Воведување нови одредби во Деловникот на Собранието на РМ со кои регулаторните и надзорните тела ќе бидат задолжени, по барање на Собранието, да поднесат вонредни извештаи кога разгледуваат случаи на изборни измами, медиумски клиентелизам и корупција на високо ниво. | Собрание | 12 |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Зајакнување на составот на собраниските комисии надлежни за контрола на УБК и МВР со експерти и со претставници од граѓанското општество, на рамноправна основа. Ова ќе ја зајакне стручноста и довербата во овие тела | • Зајакнување на составот на собраниските комисии кои се надлежни за контрола на УБК и МВР со експерти и со претставници од граѓанското општество, на рамноправна основа. Ова ќе ја зајакне стручноста и довербата во работата на овие тела. | Собрание | 9 |
| **13.** | Воведување строги рокови и последици за игнорирање на препораките или на барањата на Собранието до УБК и МВР. Истото да се предвиди и за другите институции кои подлежат на парламентарна контрола | • Воведување строги рокови и последици за игнорирање на препораките или на барањата на Собранието до УБК и МВР. | Собрание | 9 |
| **14.** | Обврската за учество на сослушувањата, организирани во рамките на анкетните комисии, треба да биде задолжителна. Исто така, мора да бидат воведени механизми за известување од анкетните комисии, (поставување снимки на веб-страницата на Собранието) | • Воспоставување правна рамка за анкетните комисии во Деловникот (во делот посветен за работните тела од чл.117 до чл.131), вклучувајќи го и регулирањето на задолжителното присуство на сведоци, воведувањето заклетва за сведоците и дефинирањето на односот меѓу собраниските истраги и судството. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | Обврска Собранието да ги разгледува годишните ревизорски извештаи (ДЗР) и да усвои соодветни заклучоци по истите. Негативните ревизорски извештаи Собранието треба да ги проследи до соодветните органи и да бара соодветна прекршочна, кривична и политичка одговорност. Истото се однесува и на Годишниот извештај на другите регулаторни тела, вклучувајќи ја тука и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) | • Измена на одредбите во Законот за државна ревизија (чл.33) и во Законот за спречување на корупцијата (чл.49), каде што покрај обврската да поднесат извештај овие институции ќе подлежат и на соодветна прекршочна, кривична и политичка одговорност пред Собранието. По заклучувањето на расправата во соодветните матични комисии, истите се должни да донесат соодветни заклучоци, да ги усвојат или да не ги усвојат годишните извештаи и истите да се најдат на дневен ред на првата наредна пленарна седница. | Собрание | 9 |
| **16.** | Воведување услов од двотретинско мнозинство за донесување закон во скратена постапка, како и листа на акти кои не можат да бидат донесени во скратена постапка | • Промената на член 171 од Деловникот, со цел да се воведе услов од двотретинско мнозинство за донесување закон во скратена постапка, како и воведување листа закони кои не можат да бидат донесени по скратена постапка. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Потребна е реформа на членството во собраниските комисии: замениците на претседателите на работните тела треба да бидат постојани членови на телото. Во моментов, замениците на претседателите често не се редовни членови на комисиите со кои претседаваат во отсуство на претседателот | • Додавање нови членови во Деловникот во делот на работните тела (чл.117-131). | Собрание | 12 |
| **18.** | Од Деловникот треба да се избрише ограничувањето дека пратеникот во текот на претресот може да зборува само еднаш. Исто така, треба да се овозможи пријавување во текот на целото траење на претресот | • Промена на член 80, став 2 со цел да се отстрани одредбата со која се регулира дека пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот. Пријавувањето за збор треба да се овозможи во текот на целото траење на претресот. | Собрание | 12 |
| | | • Промена на член 86, став 1 со цел да се отстрани ограничувањето дека пратеникот во текот на претресот може да зборува само еднаш. Второто пријавување за дискусија по истата точка на дневниот ред на пратеникот изнесува 5 минути, додека за првото останува 10 минути, а 15 за координаторот на пратеничката група или овластениот предлагач. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Воведување седница за пратенички прашања што ќе се одржува двапати месечно и продолжување на времето за поставување пратенички прашања | • Промена на член 39 став 1 од Деловникот со цел да се воведе седница за пратенички прашања што ќе се одржува двапати месечно. | Собрание | 12 |
| | | • Промена на член 39 став 5 во Деловникот со цел да се овозможи поставувањето пратенички прашања да трае до петнаесет минути, а пратеникот да има право да се изјасни дали е задоволен од одговорот до пет минути. | Собрание | 12 |
| **20.** | Зголемување на транспарентноста на буџетската процедура, преку промена на Деловникот во делот на донесувањето на буџетот, во насока на зголемување на достапноста на сите информации што се релевантни за буџетот | • Зголемување на транспарентноста на буџетската процедура преку промена на Деловникот во делот на донесувањето на буџетот, во насока на зголемување на достапноста на сите релевантни информации за буџетот. | Собрание | 12 |
| | | • Зголемување на времетраењето на буџетските расправи со цел да се разгледаат сите уставни амандмани, со промена на член 180-а став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, со тоа што наместо 10 дена, за буџетот ќе може да се дискутира 15 работни дена. | Собрание | 12 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Зголемување на транспарентноста на буџетската процедура преку објавување на финалниот усвоен буџет и шестмесечните извештаи за реализацијата/трошењето на буџетот. | Собрание | 12 |
| **21.** | Јасно дефинирање на парламентарната постапка во процесот на разгледување и усвојување на завршната сметка на буџетот | • Јасно дефинирање на парламентарната постапка за разгледување и усвојување на завршната сметка на буџетот во Деловникот на Собранието на РМ во делот посветен на постапката за донесување на буџетот на Република Македонија и завршната сметка на буџетот. | Собрание | 12 |
| **22.** | Зајакнување на улогата на Буџетскиот совет за да се обезбеди поголема независност на Собранието од извршната власт при изготвувањето на годишниот буџет на Собранието | • Буџетската проекција на Буџетскиот совет да биде во целост земена предвид при изготвувањето на државниот предлог- буџет. | Собрание и Министерство за финансии | 12 |
| **23.** | Активности кои се однесуваат на зацврстување на улогата на Собранието во процесот на ЕУ-интеграциите | • Проверка на усогласеноста на предлог-законските акти со европското законодавство (acquis communautaire) од страна на Комисијата за европски прашања (КЕП) во финалната законодавна фаза. | Собрание | 9 |
| | | • Воведување онлајн регистар на законите со европско знаменце, за истите полесно да се пребаруваат на собраниската веб-страница. | Собрание | 9 |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Јасно дефинирани надлежности на КЕП и на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ), за да нема преклопувања во надлежностите и максимална искористеност на капацитетите на НСЕИ за зајакнување на улогата на КЕП во делот на надзор и унапредување на правната хармонизација. | Собрание | 9 |

# ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Во моментов, граѓанското општество е во очекување на промени во насока на унапредување на состојбите, како во процесот на креирање на политиките, така и во политичкиот процес. Особено е негативно искуството со политички основаните контроли на граѓанското општество (т.н. десоросоизација) кои започнаа непосредно по последните парламентарни избори во декември 2016 година, а чија основаност е спорна и претставува форма на институционален прогон врз ГО. Се појавуваат одредени владини иницијативи за вклучување и консултации. Постои значителна потреба од создавање овозможувачка средина за граѓанското општество, за воспоставување релевантно (засновано на потребите), транспарентно и одговорно јавно финансирање на граѓанското општество и на неговиот развој. Неопходно е подобрување на голем дел од постојните механизми и практики за консултирање на граѓанското општество и за суштинско граѓанско учество, како на основно, така и на ниво на политиките, со што би се зголемило влијанието на институциите и би се унапредиле процесите за креирање на политиките.

Граѓанското учество во процесот на креирање на политиките и во политичкиот процес треба да биде подобрено преку: расветлување на институционалниот прогон на претставниците на граѓанскиот сектор; воспоставување независен и репрезентативен совет за соработка со граѓанските организации; воспоставување релевантно (засновано на потребите), транспарентно и одговорно јавно финансирање на граѓанското општество и неговиот развој; донесување Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор во периодот 2018-2021, како и годишни акциски планови, преку процес во кој активно ќе учествува граѓанското општество; зголемување на надлежностите на Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат и градење на капацитетите во насока на создавање овозможувачка средина за граѓанското општество; гарантирање на учеството на граѓаните во консултативните процеси; измени на соодветните закони, со цел значително да се намалат праговите за референдум, законодавна иницијатива и петиција; да се промени регулативата за независно функционирање на ГО и еднакви можности на ГО; ревидирање на законската регулатива за даночни оптоварувања на здруженијата и организациите (допрецизирање на статусот); овозможување подобри услови за ангажман во ГО, практика, волонтерство и младинска работа, како и обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање, во согласност со меѓународните стандарди, и обезбедување на нејзината ефективна имплементација.

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Расветлување на институционалниот прогон врз граѓанскиот сектор | • Запирање на политички инструираните истраги и контроли на граѓанските организации (т.н. десоросоизација).<br>• Идентификување на инспираторите, наредбодавачите и извршителите на овој политички прогон на граѓанските организации од страна на државните институции.<br>• Испитување на основаноста и одговорноста за оркестрираниот институционален прогон на ГО.<br>• Испитување и утврдување на злоупотребата на службената должност од страна на наредбодавачите и извршителите. | Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Обвинителство, Управа за јавни приходи (УЈП), Финансиска полиција, Министерство за внатрешни работи (МВР), Собрание, Агенција за финансиско разузнавање | **3** |
| **2.** | Воспоставување независен и репрезентативен совет за соработка со граѓанските организации | • Поништување на одлуката<br>• Консултации за донесување нова одлука за Совет, во целосна соработка со ГО, а во однос на структурата на Советот, критериумите, како и организирањето и спроведувањето на изборот.<br>• Организирање избори со почитување на препораките на граѓанските организации.<br>• Критериуми за репрезентативност | Генерален секретаријат, Секретаријат за европски прашања (СЕП) | **3** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Воспоставување релевантно (засновано на потребите), транспарентно и одговорно јавно финансирање на граѓанското општество и неговиот развој | • Прогласување мораториум за доделување финансиски средствата за ГО од Генералниот секретаријат на Владата сѐ до донесувањето јасни процедури и критериуми за државно финансирање на граѓанските организации. | Министерство за финансии (МФ) , Единици на локалната самоуправа (ЕЛС), плански региони, Владата и органите во нејзин состав, регулаторните тела, агенции, јавни претпријатија | **3** |
| | | • Објава на сите извештаи и оценки за спроведените активности и реализирани средства доделени на ГО на национално и на локално ниво во последните 5 години, како и друга финансиска и нефинансиска поддршка, на пример користење јавни простори и други средства (службени возила).<br>• Измена на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (воведување задолжителен јавен повик за распределба на средства и оценка за потрошените средства, со можност граѓанските организации да учествуваат на конкурсите).<br>• Аналитичка презентација на буџетската линија 463 до 6 цифри во врска со трансферите кон граѓанските организации и фондациите преку министерствата и агенциите, како и трансферите кон политичките партии и другите организации. | | |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Донесување Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор во периодот 2018-2021, како и годишни акциски планови, преку процес во кој активно учествува граѓанското општество | • Мапирање и создавање база на податоци за ГО за моменталната состојба, бројот на регистрираните организации според вид и форма на дејствување, статус на активност, дејност, географски регион и обезбедена јавна достапност на истите. (Во таа смисла, потребно е прочистување на постојната база на податоци од регистарот на ГО, постоење единствен регистар на граѓанските организации според ЗЗФ 2010 и укинување на регистарот според првиот ЗЗГФ).<br>• Започнување широк консултативен процес за нова стратегија со директно и суштинско учество на граѓанските организации во најраната фаза и учество на соодветните надлежни институции.<br>• Развивање соодветен систем за мониторинг и евалуација на стратегијата, како и обезбедување соодветни финансиски средства за спроведување во секоја од вклучените институции.<br>• Дефинирање на улогата на ГО како и на терминот „поволна околина“, во поширока смисла, за граѓанските организации. | Генерален секретаријат, СЕП, Централен регистар | **6** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Поддршка на постојните ефективни тематски мрежи на граѓански организации (Платформа за антикорупција, ИПА 2 механизам за граѓански организации, Мрежа 23, Национален младински совет, Платформа за родова еднаквост, Платформа против сиромаштија, Национален совет за родова рамноправност итн.), како и соработка за нивна натамошна транспарентност и отвореност за нови членови. | | |
| **5.** | Зголемување на надлежностите на Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат и градење капацитети во насока на создавање овозможувачка средина за граѓанското општество | • Унапредување на статусот на сегашното одделение во независна канцеларија во рамките на Генералниот секретаријат на Владата, воспоставување ефективна комуникациска стратегија со граѓанските организации / лицата за контакт во надлежните министерства.<br>• Поддршка на Советот за соработка со граѓанските организации (неговиот Секретаријат) и исполнување на Стратегијата, нејзина евалуација и подготовка на нова стратегија/опфаќање на стратешките мерки во областа на финансиската одржливост (на пример, даночно ослободување за физички лица, корпоративно донирање, статус од јавен интерес, економски активности, генерирање приходи, волонтирање).<br>• Обезбедување независен буџет со цел Канцеларијата да може независно и навремено да ги извршува своите задачи. | Генерален секретаријат, СЕП | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Гарантирање на учеството на граѓаните во консултативните процеси | • Јавни дискусии и расправи со секторски базирани ГО<br>• Препознавање и гарантирање на консултативни механизми со граѓанските организации и претставничките тела, како: ИПА Механизмот за граѓанските организации, НМСМ; ЛМС; Студентскиот парламент; средношколските заедници и др.<br>• Потребно е да се гарантира вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуките и креирање на политиките во најраната фаза на процесот. | Влада, собраниски комисии, Заедница на ЕЛС, ЕЛС, Министерство за правда (МП) | **9** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Измени на соодветните закони со цел значително да се намалат праговите за референдум, законодавна иницијатива и петиција | • Отворање на консултативен процес за донесување нов закон за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, како и полесен пристап до институциите при регистрирањето на граѓаните кои сакаат да ги практикуваат ваквите форми на непосредна демократија.<br>• Обезбедување можност подрачните канцеларии на ДИК да собираат потписи за (локален) референдум и на јавни простори (на пример, плоштади).<br>• Евалуација и, доколку е потребно, ревидирање на Законот за локалната самоуправа, со цел да се обезбедат дополнителни механизми за непосредна демократија, вклучувајќи и претставници на граѓанското општество во советите, подготвување локални стратегии за соработка со граѓанското општество (заедно со граѓанските организации) и обезбедување финансиска и друга поддршка за таквите иницијативи.<br>• Масовна и интерактивна медиумска кампања за информирање на граѓаните за можностите за учество и истовремено стимулирање на активизмот. | МП, МФ, Собрание, Министерство за локална самоуправа, ЕЛС | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Промена на регулатива за независно функционирање на ГО и еднакви можности на ГО, дефинирање на даночната регулатива и сметководството за ГО. | • Измена и унапредување на законската рамка што го регулира работењето на здруженијата и фондациите (даночната регулатива, Законот за сметководство на НВО, препознавањето на статусот на неформалните иницијативи, мрежите, како и ревизија и допрецизирање на член 13 од ЗЗФ, непартиското дејствување, како и изземање на овластените претставници на ГО од дефиницијата за службени лица дадена во член 122 став 4 во Кривичниот законик).<br>• Донесување Закон за социјални претпријатија, во консултативен процес со ГО.<br>• Унапредување на политиките за вработување во граѓанскиот сектор преку овозможување да се користат мерки за поддршка кои важат во другите сектори. | МП, Собрание | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Ревидирање на законската регулатива за даночни оптоварувања на здруженијата и организациите (допрецизирање на статусот) | • Започнување широк консултативен процес за ревидирање на даночната и на фискалната рамка за работа на граѓанските организации. Во оваа насока, треба да се направат соодветни измени во Законот за персонален данок, Данокот на добивка, ДДВ (за прагот на малите субјекти), Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за сметководство во непрофитниот сектор и да се предвидат даночните бенефиции што произлегуваат од Законот за здруженија и фондации. Потребно е да се прецизира даночната регулатива за непрофитните организации и да се направи јасна статусна разлика меѓу ГО и трговските друштва.<br>• Да се избегнува двосмисленост при толкувањето и примената на законската легислатива од страна на државните институции.<br>• Даночни ослободувања (ДДВ) за кофинансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите (ЕУ, САД, државите- членки на ЕУ и државите со кои се потпишани договори за билатерална соработка), во делот на учеството на ГО со кофинансирање (како и процедурата за ослободување од данок на донации и спонзорства во Министерството за правда).<br>• Постои потреба за значително намалување на времетраењето на процедурата за регистрација на проектите во Секретаријатот за европски прашања. | МФ, МП, СЕП, Собрание | **9** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Овозможување подобри услови за ангажман во ГО, практика, волонтерство и младинска работа | • Ревизија на легислативата за волонтерство и практикантство.<br>• Поедноставување и олеснување на процедурата за пријавување странски волонтери.<br>• Креирање правна рамка за младинска професија и нејзино препознавање. | Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Агенција за млади и спорт (АМС), МВР, Совет за волонтерство, Агенција за вработување на РМ, ЦОВ | **9** |
| **11.** | Воспоставување релевантно (засновано на потребите), транспарентно и одговорно јавно финансирање на граѓанското општество и неговиот развој | • Основање фонд за кофинансирање (во рамките на постојните државни институции, како Националниот фонд, ЦФЦД) проекти на ГО поддржани од донаторите (ЕУ, САД, државите-членки на ЕУ и државите со кои се потпишани договори за билатерална соработка), како и создавање Гарантен фонд за обезбедување средства за банките наменети за бескаматни кредити за финансирање на проектите.<br>• Реформирање на постојниот модел на јавно финансирање на ГО на централно и на локално ниво (со издвојување на здруженијата и фондациите во посебна буџетска линија).<br>• Ревидирање и усвојување на предлог-одлуката за распределба на јавните средства наменети за финансирање на програмските активности на граѓанските организации и фондации од 2016 година (буџетска линија 463), вклучувајќи и дефинирање на јасна процедура и | МФ, Национален фонд, Секретаријат за европски прашања, Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Генерален секретаријат | **12** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | критериуми за распределба на средствата (повеќегодишно финансирање и институционално финансирање, проекти и кофинансирање на проекти одобрени од ЕУ преку националната ИПА-контрибуција). | | |
| **12.** | Обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и обезбедување на нејзината ефективна имплементација | • Ревизија на Законот за јавни собири, Законот за полиција и Законот за јавен ред и мир, како и на другата легислатива применлива за оваа проблематика. Креирање подзаконски акти за почитување на човековите права, особено за пречекорување на овластувањата и примена на прекумерна сила. Создавање механизми за внатрешен и надворешен независен надзор врз полицијата, со вклучување на недржавни фактори.<br>• Следење на напредокот во имплементацијата на мерката за воспоставување неутрална зона околу зградата на Собранието на РМ во Планот за активности на Владата на РМ (точка 4.1.), подготвена врз | Влада, МВР, МП | **12** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | база на Итните реформски приоритети за РМ, и посочување на можните ограничувања на правото на мирно собирање.<br>• Зајакнување на капацитетите на институциите и полицијата за целосна и неселективна примена и почитување на правото на собирање од страна на институциите и полицијата, особено во случаи на мирно собирање. Тука пред сè станува збор за капацитетите на институциите и на полицијата за соодветна употреба на сила, со цел да се зачува јавниот ред и мир, вклучувајќи и подготвување насоки и обука базирани на Практичните препораки за менаџирање собири од страна на специјалните известувачи на ОН, Маина Киаи и Кристоф Хејнс (A/HRC/31/66), март 2016 година. | | |

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, БЛАГОСОСТОЈБА И ОДРЖЛИВОСТ

Создавањето современ, стабилен и функционален систем на социјална заштита, кој ќе одговори на потребите на корисниците, е предизвик за Република Македонија уште од осамостојувањето во 1991 година. Социјалните проблеми кои ги наметна (и сè уште ги наметнува) процесот на транзиција, доведоа до тековно зголемување на бројот на невработените лица, опаѓање на животниот стандард, намалување на бруто-домашниот производ и зголемување на бројот и на категориите на социјално ранливи лица.

За ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и реализација на уставната определба на Република Македонија како социјална држава, неопходно е фокусирање кон создавање стабилна нормативна рамка што ќе обезбеди ефективна заштита и благосостојба за сите граѓани. Потребни се комплементарни политики кои нема да се сведуваат само на задоволување на минималните потреби за живот на граѓаните, туку мерки за еднакви можности за активно учество на сите фактори во општествените процеси.

Затоа, како приоритет се истакнува потребата од донесување нов Закон за социјална заштита (во период од 12 месеци), со обезбедено учество на сите релевантни актери во процесот, особено на граѓаните во социјален ризик и граѓанските организации. Законот треба да биде сеопфатен и инклузивен, со јасни детерминанти на сите ранливи категории, како и иновативен во однос на сите досега недефинирани или непрепознаени социјални ризици и потребни социјални услуги.

Во таа насока, матрицата на овој документ нуди идејни решенија за креирање одржливи и родово сензитивни политики од областа на социјалната заштита. Истовремено, таа дава и преглед на суштински важните приоритети и мерки, со чија итна реализација Владата на Република Македонија ќе овозможи услови за достоинствен живот на сите граѓани.

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Надминување на административните бариери во пристапот до социјалните трансфери и социјалните услуги, во периодот до донесувањето на новиот Закон за социјална заштита | • Донесување правилник со кој ќе се овозможи повторно аплицирање за социјални трансфери за лицата блокирани поради примање средства со брз трансфер на пари.<br>• Итно ревидирање на техничката поврзаност на секој од социјалните броеви со МТСП, ЦСР и банките.<br>• Изнаоѓање решение за лицата кои западнале во финансиски проблеми и не можат да ги стават своите фирми во стечај (проблемот е мултидимензионален – немаат средства, а имаат огромни трошоци пред Суд, придонесите им течат, а не можат да ги плаќаат, не можат да се одјават ако се управители и не можат да се пријават како невработени, немаат ниту право на здравство, немаат никакви права).<br>• Ревидирање на постапките за остварување на правата од невработеност и социјални услуги и правата за лицата кои се основачи на здружение, граѓанска организација или основачи на фирма, но не се вработени во нив. | Министерство за труд и социјална политика (МТСП), центри за социјална работа (ЦСР), банки, Агенција за вработување на РМ (АВРМ) | **3** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Оценка на спроведувањето на регулативата од областа на социјалната заштита | • Анализа на националните стратегии (за социјална заштита, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, за деинституционализација) според утврдената методологија на Владата на РМ.<br>• Изработка на акциони планови за 2018 година, во согласност со стратегиите, буџетски импликации и партиципативен пристап. | МТСП, Завод за социјални дејности (ЗСД), ЦСР, јавни установи, дневни центри | **9** |
| **3.** | Реформа на процесот на лиценцирање во системот за социјалната заштита | • Да се изврши измена и дополнување на Правилникот за лиценцирање на стручни работници и даватели на услуги.<br>• Да се изврши лиценцирање на давателите на услуги кои остваруваат дејност од јавен интерес и даваат услуги од областа на социјалната заштита.<br>• Да се утврдат протоколи за миниум стандарди за давање социјална услуга.<br>• Да се изврши ревизија и унапредување на модулите за обука на стручните работници.<br>• Во комисијата за лиценцирање да се вклучат и претставници од граѓанските организации. | МТСП, ЗСД<br>, соодветни високо-образовни институции | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Трансформација на системот на парични бенефиции | • Да се направи ревизија на досегашните критериуми и приматели на парични бенефиции и да се земе предвид родовиот аспект.<br>• Да се направи проценка на можноста за воведување адекватен минимален приход (кост-бенефит анализа) и да се изработи нова методологија за искористување на правото за социјална заштита, согласно добиените резултати.<br>• Да се автоматизира преминот од една во друга категорија на остварување на некое право. | МТСП, Министерство за финансии (МФ), ЦСР | **12 +** |
| **5.** | Социјално мапирање и проширување на социјалните услуги на локално ниво, според реалните потреби на социјално ранливите групи | • Да се изработат социјални карти за секоја ЕЛС и да се овозможи електронски пристап до нив<br>.<br>• Да се направи анализа и да се изврши инкорпорирање на родовите аспекти во социјалните услуги.<br>• Да се децентрализираат социјалните услуги според директните потреби на граѓаните<br>• Да се овозможи остварување на социјална плурализација преку обезбедување поволна правна средина за социјални договори и зголемување на ресурсите за социјална превенција и заштита во заедницата. | МТСП, ЦСР, АВРМ, МФ, Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), граѓански организации<br>, академски институции | **12 +** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Да се изврши стандардизација на услугите за социјална заштита и да се воведе механизам (законски или подзаконски) за акредитација на граѓанските организации за нудење директни услуги од областа на социјалната заштита.<br>• Да се препознае вклучувањето на граѓанските организации, како директни даватели на услуги од областа на социјалната заштита, по пат на социјални договори.<br>• Да се изврши итна деинституционализација и да се обезбеди почитување на човековите права на лицата сместени во институциите, во согласност со Националната стратегија за деинституционализација.<br>• Формално-правно да се прифати ПРИДЕ-методологијата за подготовка, обука и вклучување на згрижувачи во системот на грижа за децата без родителска грижа, со цел да се зајакне системот на социјалната заштита. | | |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Трансформација на пазарот на труд во инклузивен | • Оперативната програма за активни мерки за вработување да содржи родово сензитивни и инклузивни мерки за вработување<br>.<br>• Да се измерат ефикасноста и ефективноста на активните мерки за вработување на лицата во социјален ризик и да се изврши нивно унапредување во согласност со потребите на граѓаните.<br>• Воведување поддршка и менторство за корисниците на мерката за самовработување, за период од најмалку една година<br>.<br>• Мерките за активација (активните мерки за вработување) внимателно да се дизајнираат, да предвидуваат специфични мерки за ранливите категории и да таргетираат специфични категории, но и да се спроведуваат во помали групи.<br>• Да се изврши електронско поврзување на ЦСР и на АВРМ заради полесно идентификување и пристап до најранливите групи. | МТСП<br>, ЦСР, АВРМ | **6** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Активно вклучување на социјално ранливите категории | • Креирање механизам за ефективна активација на пазарот на труд за примателите на СПП и другите групи во социјален ризик, преку следење на резултатите.<br><br>• Обезбедување задолжителен процес на работна реинтеграција за лицата во социјален ризик пред да се почне со користење на мерките за вработување.<br>• Да се овозможи развој на функционално социјално претприемништво (донесување Закон за социјално претприемништво, како приоритет).<br><br>• Комбинирање на мерките за активација со социјални парични трансфери насочени кон лицето во ризик и задолжителна психо-социјална поддршка во текот на првата година.<br><br>• Воведување мерки и механизми за зголемување на свеста кај ранливите категории за постоечките мерки за активација, нивно мотивирање да се интегрираат и да се надмине стравот од губење на социјалната помош. | МТСП, ЦСР, АВРМ, МФ | **9** |

| **Ред бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Изработка и промоција на јавно достапни и родово поделени социјални статистики | • Усогласување и проширување на индикаторите за собирање на социјалните статистики.<br>• Синхронизација на регистрите – онлајн преглед и редовно ажурирање. | МТСП (СПИЛ, други), ЗСД (Лирикус), ДЗС, Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, АВРМ, граѓански организации и меѓународни организации | **9** |

# ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Реформите во образованието, обуката и младите треба да бидат насочени кон зголемување на опфатот на децата во предучилишното образование, подобрување на квалитетот и на системите за обезбедување квалитет во сите степени и видови образование, како и кон подобрување на образовната инклузија (особено на децата кои прерано го напуштаат образовниот систем, децата со ниски постигања, Ромите, децата од ранливите групи, децата со посебни образовни потреби итн.). Најдоцна до крајот на 2017 година, треба да се донесе нова Сеопфатна стратегија за образование со продолжена временска рамка, која ќе биде резултат на широки консултации со сите засегнати страни. Неопходно е да се отпочне процес на сериозна курикуларна реформа во која ќе бидат вклучени експерти и практичари и што ќе се базира на добрите европски практики за квалитет, која ќе цели кон постигнување на исходите од учење определени со националните стандарди за секој образовен циклус, како и кон поттикнување на критичкото мислење кај учениците, почитување на човековите права, демократските вредности, меѓуетничката интеграција, родовата еднаквост и почитувањето на различностите. Предлагаме да се донесе Закон за предучилишно образование; да се повлече Законот за академија за наставници, како и да се реформира иницијалното образование и системот за дообука на наставниците; да се укине Законот за Универзитетот „Дамјан Груев" и да се донесе нов Закон за високото образование, кој ќе ја зајакне автономијата и отчетноста на Универзитетот и ќе воспостави нов модел на студентско организирање. Ревидирањето на другите закони за образование треба да вклучи демократизација во управувањето со училиштата и при изборот на директори и наставници, средношколското организирање и учество, како и бришење на непотребните казнени одредби за наставниците, учениците и за родителите. Се застапуваме за ревидирање на Националната стратегија и акциски план за млади 2016-2025.

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Донесување нова Сеопфатна стратегија за образованието 2017-2027 | • Да се обезбеди широк процес на консултација со сите засегнати страни во ревидирањето на (нацрт) Сеопфатната стратегија за образование 2017-2020 и нејзиното усогласување со приоритетите и мерките од другите важечки стратешки документи во образованието*, како и со ЕУ-одредниците за образование и обука 2020 и европските рамки за квалитет, како клучни референтни точки.<br>• Да се изготват нови и да се направат јавно достапни сите постојни анализи за состојбата и ефектите од разни мерки и/или спроведени проекти и за други образовни прашања, за да послужат како основа за креирање политики базирани на докази.<br>• Со оглед на тоа дека за позитивни ефекти во образованието се потребни долгорочни интервенции, наместо тригодишна предлагаме десетгодишна временска рамка за Стратегијата (2017-2027);<br>*Стратегијата за средно стручно образование; концепциите за основно образование на возрасните, за неформалното образование и за интеркултурно образование; Националната стратегија и Акциониот план за образование на Ромите; Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020, итн. | Министерство за образование и наука (МОН) | **6** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Институционална реформа како предуслов за образовна реформа | • Да се преиспитаат мандатите, расположливите капацитети и резултатите од работата на постојните национални институции надлежни за надзор, квалитет и креирање и спроведување на наставните планови и програми: Бирото за развој на образованието (БРО), Државниот просветен инспекторат (ДПИ), Државниот испитен центар (ДИЦ), Центарот за средно стручно образование и обука (ЦССОО), Центарот за образование на возрасни, Управата за унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (УУОПЈЗ), Одборот за акредитација и евалуација на ВО (ОАЕВО), Педагошката служба итн. за да се подобри ефикасноста во нивната работа и да се овозможи нивна професионализација (на пр. БРО во последните години затајува со стручната советодавна помош која што им е неопходна на наставниците). | МОН | **12** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Зголемување на опфатот и подобрување на квалитетот на предучилишното образование | • Да се донесе посебен Закон за предучилишно образование со кој ќе се регулира раниот детски развој и учење, принципите за квалитетна педагошка практика во предучилишното образование, статусот и обуката на наставниот кадар во предучилишните установи итн. | МОН и Министерство за труди и социјална политика (МТСП) | **12** |
| | | • Да се усвои европската рамка за квалитет на раниот детски развој. | МОН и МТСП | **6** |
| | | • Ревидирање на стандардите за раниот детски развој. | МОН и МТСП | **3** |
| | | • Да се изготви и да се спроведе политика на бесплатно вклучување на децата од маргинализираните групи во предучилишно образование една година пред поаѓање во училиште. | МОН и МТСП | **12** |
| | | • Да започне процесот на континуирано подобрување на мрежата на предучилишните установи (градење нови и/или подобрување на постојните установи, особено во руралните средини и местата каде што не постојат, а има потреба за нив. | МТСП и МОН и општините | **12** |
| **4.** | Унапредување и спроведување на ефикасни системи за обезбедување квалитет во образованието | • Воведување национален систем за проверка на постигнувањата на учениците во основното образование на крајот на вториот и третиот циклус (VI и IX одделение) и еднаш во втора година од средното образование (на репрезентативен примерок ученици и училишта), кој треба да обезбеди повратни информации за постигнувањата на учениците и ќе биде во функција исклучиво за подобрување на квалитетот на наставата и учењето.<br>• Да се продолжи учеството во меѓународните тестирања (TIMSS, PIRLS, PISA) заради споредба со меѓународните трендови и креирање ефективни образовни политики. | МОН, ДИЦ, БРО | **12** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Да се продолжи со спроведување на Националната студија за математичка и јазична писменост во првите 3 одделенија (EGRA и EGMA) и да се развијат слични стандардизирани инструменти за другите одделенија, со што ќе се овозможи лонгитудинално следење на постигнувањата на учениците, споредба на трендовите и преземање мерки за подобрување на состојбата. | МОН, ДИЦ, БРО | **12** |
| | | • Да се донесе нов Закон за контрола на квалитетот во ВО, кој ќе обезбеди Одборот за акредитација и евалуација да биде независна и професионална агенција и како таква да биде прв чекор за членство во Европската асоцијација на агенции и Европскиот регистар за контрола на квалитетот ENQA и EQAR.<br>• Новиот Закон за високото образование треба да овозможи воспоставување интерни системи за обезбедување квалитет на високообразовните институции. | МОН, Одборот за акредитација и евалуација на ВО, универзитетите | **3** |
| **5.** | Реформа на наставните програми и подобрување на квалитетот на учебниците | • Врз основа на изготвените анализи и идентификуваните грешки и пропусти, да започне процесот на ревидирање на постојните наставни програми и учебници. Ваквата реформа треба да се насочи кон исходите од учењето определени со националните стандарди за секој образовен циклус, кон усогласување со развојните карактеристики и со возраста на децата, усогласување и интегрирање на содржините меѓу различни предмети и интегрирано спроведување на истите, со што би се намалил бројот на предмети. | МОН, БРО, ДИЦ, Педагошка служба, експертската јавност, граѓанските организации, практичарите | **12** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Наставните програми и учебници треба да промовираат демократски вредности, почитување на човековите права, родовата еднаквост, различностите, да поттикнуваат мултиетничката интеграција и да негуваат култура на чување и заштита на животната средина (како хоризонтални прашања).<br>• Препорачуваме идните образовни реформи (особено оние што подразбираат интервенција во курикулумот) да се воведуваат многу внимателно, истите да бидат претходно тестирани/ пилотирани и оценети за ефектите од нивните резултати.<br>• Зголемено и задолжително учество на практичарите во креирањето на програмите и новите учебници. | | |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Суштинска инклузија на деца кои имаат потреба од дополнителна помош во образованието | • Да се усвојат различни модели за дополнителна поддршка на училиштата и одделенијата/класовите со деца со посебни потреби (со ментална или физичка попреченост; социо-емоционални или бихејвиорални проблеми и социо-економски, културни или јазични бариери).<br>• Идентификување на сите деца кои се на училишна возраст, а не се опфатени во образовните институции и нивна инклузија во образованиот систем преку модели за специфична и индивидуализирана поддршка, во која можат да се вклучат и граѓански организации (според одредени критериуми).<br>• За децата повратници од странство, кои се враќаат со незавршено одделение, потребно е да се развијат флексибилни начини за признавање на периоди поминати во образованието, како и модел/систем за проценка на нивните знаења и способности по нивното враќање во државата, според дефинираните стандарди за одделенија/класови. Да се овозможи нивно воведување во наставата со дополнителна поддршка од страна на училиштата и/или граѓанските организации (според одредени критериуми).<br>• Иницијалното образование на наставниците да вклучи во своите програми и предмети и содржини за работа со овие ученици.<br>• Да се обезбеди дополнителна обука и континуирана поддршка за наставниците во основните и во средните училишта за работа со овие деца.<br>• Во соработка со семејствата и училиштата, да се обезбеди помошник на дете кое има потреба од тоа. | МОН, БРО, ЕЛС, факултетите за образование на наставници од различни универзитети (државни и приватни), училиштата | **9** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Унапредување на образованието и обука на наставниците | • Укинување на Законот за академијата за наставници.<br>• Усогласување на иницијалното образование на наставниците со системот за деветгодишно основно образование.<br>• Да се воведе соодветен модел за образование на наставниците од ненаставничките факултети, кои ја одбираат наставничката професија.<br>• Да се усогласат профилот и квалификацијата за наставник во основно и средно образование на сите наставнички факултети, во согласност со бараните стандарди и компетенции за наставници.<br>• Либерализација на обуките на наставниците и воведување соодветен модел за акредитацијата на давателите на обука. | МОН, БРО, факултетите за образование на наставници од различни универзитети (државни и приватни) | **9 и 12** |
| **8.** | Подобрување на соработката и учеството на граѓанските организации | • Воспоставување механизам за соработка и постојаната консултација со граѓанските организации и со сите други засегнати страни (особено здруженијата на наставниците, родителите, средношколците студентите, синдикатите, еснафските и другите професионални здруженија) при: изготвувањето на стратешките документи, тековното прибирање повратни информации за нивната успешност во практиката, нивното вклучување во мониторингот и евалуацијата на имплементацијата и давање предлози за подобрување на предвидените реформи.<br>• МОН да ги земе предвид анализите и истражувањата направени од граѓанските организации. | МОН и граѓанските организации | **континуирано** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Подобрување на управувањето и раководењето со образовните институции | • Да се ревидираат законите за основно и за средно образование кои се однесуваат на начинот на избор и именувања на директорите, како и начинот на избор на родители и наставници во училишните одбори, за да подобри квалитетот на избраните кандидати, да се превенира политичко и друго влијание, да се зголеми транспарентноста, како и нивното учество во одлучувањето во училиштата. | МОН и сите засегнати страни | **12** |
| | | • Новиот Закон за високото образование треба да обезбеди поголема транспарентност и нов модел што ќе ги демократизира процесите на избор на декани на високообразовните институции и на универзитетските ректори. | МОН и сите засегнати страни | **3** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Зајакнување на автономијата на Универзитетот | • Да се изготви нов Закон за високото образование (ВО) во консултација со пошироката академска заедница и студентите, кој ќе ја зајакне автономијата на Универзитетот, ќе обезбеди квалитетен и одржлив развој на високообразовната дејност, одржливо финансирање на јавните високообразовни установи, суштинско учество на студентите во телата за одлучување во високообразовните институции и универзитетите, плурализам и унапредување на изборниот модел на студентското организирање.<br>• Изземање на академскиот кадар вработен во јавните високообразовни установи од Законот за вработените во јавниот сектор, што ќе овозможи автономна кадровска политика на универзитетите и научно-истражувачки подмладок. | МОН и универзитетите во РМ<br>Одбор за акредитација и евалуација на ВО | **3** |
| | | • Изземање на јавните високообразовни установи од системот на трезорско финансирање. | МОН , универзитетите во РМ и Советот за развој и финансирање на високото образование | **9** |
| **11.** | Консолидирање на постојната мрежа и спречување на натамошната експанзија на државните универзитети | • Да се укине Законот за Универзитетот „Дамјан Груев“, за да не се доведе во прашање квалитетот и кредибилитетот на регулираните професии предвидени со овој Закон.<br>• Да се преиспита квалитетот и општествената оправданост на дисперзираните студии на другите државни факултети во Штип (УГД), Битола (УКЛО) и во Тетово (ДУТ). | МОН | **3** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Зголемување на поддршката и унапредување на научно-истражувачката дејност | • Да се изготви нов Закон за научно-истражувачка дејност, кој ќе го унапреди статусот на науката и истражувањето.<br>• Формирање на Агенција како независно тело што ќе биде надлежно за транспарентно и ефективно остварување на Националната програма за научно-истражувачка дејност и за меѓународна соработка.<br>• Буџетска поддршка за финансирање на истражувачките програми и проекти (национални, билатерални, од национален интерес ), истражувачката инфраструктура, поддршка за младите истражувачи и зголемено учество во меѓународните истражувачки проекти. | МОН, универзитетите и истражувачките институти | **12** |
| **13.** | Унапредување на средношколското организирање и учество и студентски стандард | • Обезбедување законски услови и практично функционирање на средношколското организирање и учество (преку соодветни амандмани) во Законот за средното образование, во соработка со претставници од Средношколскиот пленум и граѓанските организации за млади.<br>• Попрецизно дефинирање на ученичкиот и студентскиот стандард и нивно проширување во Законот за средното образование, Законот за високото образование, Стратегијата за младите. | МОН, АМС | **3** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | Претставнички тела за младите | • Признавање на НМСМ како најголемо претставничко тело за младите од страна на институциите.<br>• Утврдување механизми за соработка на НМСМ со институциите во областа младински политики и учество.<br>• Формирање кораководно тело за соработка со НМСМ и АМС.<br>• Поништување на изборот за младински претставник на Македонија во РИКО.<br>• Креирање легитимен и транспарентен систем за избор на младински претставник во РИКО.<br>• Спроведување нови избори за младински претставник, организирани од НМСМ и поддржани од АМС.<br>• Создавање стандардизиран модел за креирање на локалните младински совети, признаени од единиците на локалната самоуправа и од Градот Скопје. | Агенција за млади и спорт, МТСП, МОН, МФ, Министерство за локална самоуправа, ЕЛС, Агенција за вработување на Република Македонија, Министерство за животна средина | **3** |
| **15.** | Подобрување на Стратегијата за младите | • Организирање консултативен процес за ревизија на Стратегијата за младите.<br>• Креирање акциски планови 2018-2019 во отворен процес.<br>• Издвојување буџетски средства за реализирање на акциските планови. | АМС, МФ | **3** |
| **16.** | Реформа на Агенцијата за млади и спорт | • Евалуација на Агенцијата за млади и спорт, ревизија на финансиското, кадровското и проектното работење, со посебен фокус на секторот Млади.<br>• Креирање суштински промени за подобрување на АМС во секторот Млади и издвојување соодветен буџет преку широк консултативен процес.<br>• Формирање кораководно тело помеѓу АМС и НМСМ. | АМС, Државен завод за ревизија, Влада на Република Македонија | **9** |

| **Ред. бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција (и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Вработување на младите | • Признавање на занимањето младински работник<br>• Стандардизација на квалификациите и вештините на младинскиот работник.<br>• Програма за обука на младински работници.<br>• Издвојување средства за младинска работа.<br>• Креирање локални младински центри.<br>• Евалуација на постојните мерки за младинско вработување.<br>• Издвојување буџет за младинска работа. | АМС, Агенција за вработување на Република Македонија, МТСП, Министерство за економија, Центар за обука и образование на возрасни | **9** |

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Со оглед на многубројноста и разновидноста на проблемите во областа животната средина и давањето низок приоритет на овие прашања во претходниот период, уставно гарантираното право на чиста животна средина на граѓаните на Република Македонија е загрозено во значителна мерка.

Во овој документ се наведени најитните и неопходни мерки што треба да се преземат во неколку области поврзани со животната средина со цел да се започне со решавање на проблемите со кои се соочува секторот. Мерките се поврзани со најгорливите проблеми, како што се: аерозагадувањето, мониторингот во животната средина и финансирањето во секторот, но и со отпадот, историското загадување, климатските промени, индустријата, заштитата на природата, водата и санитацијата и учеството на јавноста. Клучно е да се напушти досегашната практика на декларативни определби за решавање на проблемите и да се започне со практично спроведување на мерките наведени во овој документ.

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Аерозагадување | • Формирање работна група за изнаоѓање модус за категоризирање на возилата во зависност од емисиите измерени за време на техничкиот преглед. Работната група треба да направи анализа на законодавството и на можностите за решавање на учеството на различните категории возила, во согласност со оваа категоризација, во сообраќајот во периоди на високо аерозагадување. Работната група треба да биде составена од претставници од сите надлежни институции и да најде начин предложената категоризација да се вклучи во сите релевантни законски акти. | Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерство за внатрешни работи (МВР), Министерство за транспорт и врски (МТВ) | **6** |
| | | • Овозможување на редовно, соодветно и транспарентно функционирање на Комитетот за здравје и животна средина. | Влада на РМ | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Заштита на природата | • Итно усвојување на Стратегијата за биодиверзитет и донесување времена заштита за клучните загрозени делови, со одлука на министерот за животна средина и просторно планирање. за идните заштитени подрачја Шар Планина и Јабланица. | Влада на РМ, МЖСПП, надлежни Општини | **3** |
| | | • Донесување нов Закон за природата. | МЖСПП, Влада на РМ, Собрание | **9** |
| | | • Ставање во функција на Националниот информативен систем за биодиверзитет, преку овозможување технички услови за негово соодветно функционирање, и изработка и усвојување на подзаконски акти за пропишување на правата и обврските во однос на податоците за биодиверзитет. | МЖСПП, Влада на РМ | **9** |
| **3.** | Индустрија | • Изготвување стратешка оцена на севкупните планови за рудници во Источна Македонија и соодветно приспособување на плановите во зависност од резултатите од стратешката оцена. | Вицепремиер за економски прашања, МЖСПП, Министерство за економија (МЕ) | 3 (започнување со мерката), 12 (завршување) |
| **4.** | Историско загадување | • Започнување со справувањето со 16-те „жешки точки“ на историското загадување преку почнување со дислокација на линданот од кругот на фабриката Охис за што веќе е подготвен проект и се обезбедени дел од средствата | МЖСПП, надлежна општина | **3** |
| **5.** | Климатски промени | • Итна ратификација на Парискиот договор. | Собрание, МЖСПП | **3** |
| **6.** | Мониторинг во животната средина | • Зајакнување на капацитетите за мониторинг во животната средина и воведување трета смена во инспекциските служби. Објавување на наодите од спроведените инспекции на интернет-страницата на Државниот инспекторат за животна средина. | МЖСПП, Државен инспекторат за животна средина, општините | **6** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Отпад | • Комплетно транспонирање на Рамковната директива на ЕУ за отпад и почеток на спроведување на активностите за справување со отпадот, согласно оваа директива. Да се овозможи систематизација на работата на неформалните собирачи на отпад и нивно поголемо вклучување во справувањето со отпадот и да се стимулира селекцијата на отпадот во домаќинствата. Задолжително селектирање на отпадот во институциите и приспособување на јавните набавки за да се намали количеството отпад. | МЖСПП, јавните комунални претпријатија, општините | **12** |
| **8.** | Пристапот до вода и санитација за сите граѓани не е овозможен | • Формирање на Регулаторна комисија за води. | Влада на РМ, Собрание, МЖСПП, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>(МЗШВ), МЕ, Министерство за финансии (МФ) | **12** |
| | | • Ратификација на Протоколот за вода и санитација и започнување со спроведување на обврските од истиот. | Влада на РМ, МЖСПП, Собрание, МЗШВ, Министерство за здравство (МЗ), општините | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Ревидирање на секторот шумарство | • Спроведување на започнатата трансформација на ЈП Македонски шуми и ревидирање на Стратегијата и Законот за шуми во согласност со релевантните европски и светски практики и со широко учество на јавноста и на сите засегнати страни. | Влада на РМ, МЗШВ, ЈП Македонски шуми | **12** |
| | | • Изработка и усвојување на методологија и рокови за инвентаризација на шумите во Република Македонија. | МЗШВ, ЈП Македонски шуми | **6** |
| | | • Донесување нов Закон за пасишта. | МШВ, Фонд за пасишта, ЈП Македонски шуми, ЈП за пасишта | **9** |
| **10.** | Туризмот кој се стимулира во Република Македонија е неодржлив и не го валоризира соодветно својот основен ресурс - животната средина | • Определба за пренасочување кон одржлив туризам и овозможување субвенции за одржлив туризам, како мерка за поддршка во реализирањето на оваа определба. | Влада на РМ, МЕ, Агенција за промоција и поддршка на туризмот | **12** |
| **11.** | Учеството на јавноста е на несоодветно ниво за да се овозможи навремен и квалитетен придонес на сите засегнати страни во процесите поврзани со животната средина | • Примена на Архуската конвенција и изготвување на сите стратешки документи и законодавството со широко учество на јавноста. Користење на еколошкиот портал Екосфера.мк од страна на надлежните институции за објавување информации од значење за секторот Животна средина. | Влада на РМ, сите министерства со акцент на МЖСПП, МЕ, МЗ, МЗШВ, МТВ, општините | **3** |
| | | • Отворање на базите на податоци поврзани со животната средина и осигурување дека истите се достапни преку интернет. | Сите институции кои имаат некаква надлежност поврзана со животна средина | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Финансирање во животната средина | • Реструктурирање на МЖСПП со цел да се одвојат независните услуги кои тоа треба да ги обезбеди во врска со заштитата на животната средина преку подигнување на статусот на Управата за животна средина во Агенција за животна средина, која би ги презела надлежностите од областа на ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина), СОЖС (Стратешка оцена на животната средина), Директивата за индустриски емисии, издавањето еколошки дозволи итн. | Влада на РМ, Собрание, МЖСПП, Управа за животна средина | **12** |
| | | • Формирање Фонд за животна средина и пренасочување на даноците и таксите поврзани со животната средина во овој фонд. | Влада на РМ, МФ, МЖСПП, Собрание | **12** |
| | | • Зголемување на буџетот за животната средина. | Влада на РМ, МФ, МЖСПП, Собрание | **6** |

# ЕНЕРГЕТИКА

Неопходно е детално да се ревидира енергетскиот сектор во Република Македонија, пред сè поради зависноста од јаглен (лигнит) кој од домашни извори е достапен само за уште релативно кус период. Дополнително на ова, новите обновливи извори на енергија се недоволно искористени, а Република Македонија сè уште не е соодветно интегрирана во регионалните и во европските текови.

Во овој документ се наведени најитните мерки што мора да се преземат со цел секторот забрзано да се насочи кон нискојаглеродна економија и подобра транспарентност и вклученост. Документот, меѓу другото, ја нагласува потребата од донесување на одлуките поврзани со енергетскиот сектор со широко учество на јавноста.

| **Ред бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање во енергетскиот сектор | • Потврдување на ставениот мораториум за воведување нуклеарна енергија. | Влада на РМ (ВРМ), Кабинет на Вицепремиерот за економски прашања | **3** |
| **2.** | Спроведување на стандардите за животната средина за енергетските капацитети | • Објавување тендер за набавка на систем за десулфуризација на РЕК Битола. | ВРМ, ЕЛЕМ, Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) | **3** |
| | | • Започнување со соодветно третирање на пепелта од РЕК Битола. | ВРМ, ЕЛЕМ, МЖСПП | **3** |
| **3.** | Учество на јавноста во донесувањето на плановите и одлуките од областа на енергетиката | • Обезбедување широки јавни консултации за сите планови, одлуки и закони од областа на енергетиката, вклучително и за Стратегијата за енергетика и Законот за енергетика. | ВРМ, Кабинетот на Вицепремиерот за економски прашања, Собрание, Министерство за економија (МЕ), МЖСПП, МАНУ, ЕЛЕМ, МЕПСО, Агенција за енергетика (АЕ), Регулаторна комисија за енергетика (РКЕ) | **3** |
| | | • Осигурување дека сите планирани инфраструктурни проекти не се косат со целите и приоритетите за заштита на природата и не се во заштитените подрачја. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, МЖСПП | **3** |

| **Ред бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Воспоставување база/алатка за информирање во врска со енергетиката, за да се постигне подобра транспарентност и достапност на информациите. | Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, АЕ, РКЕ | **9** |
| **4.** | Законодавство | • Соодветно и комплетно транспонирање на правото на ЕУ од областа на енергетиката во законодавството во РМ и подобрување на Законот за енергетика и на подзаконските акти, на начин што ќе овозможи подобро регулирање на употребата на нови обновливи извори, субвенции во енергетиката, децентрализација на производството на енергија, дефинирање и справување со енергетската сиромаштија, како и изготвување и донесување стратешки документи од областа на енергетиката. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, АЕ, РКЕ | **6** |
| | | • Дефинирање на ранливите потрошувачи како основа за креирање мерки за справување со енергетската сиромаштија и промена на методот за справување со проблемот. | МЕ, МТСП, Министерство за финансии (МФ) | **6** |
| **5.** | Либерализација | • Започнување со процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија и интеграција на РМ во регионалниот енергетски пазар. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, АЕ, РКЕ, МФ, МЕПСО, ЕЛЕМ, ЕВН. | **6** |

| **Ред бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Планирање во енергетскиот сектор | • Дефинирање на стратешката определба на државата во однос на целите на РМ во секторот енергетика до 2030 и 2050 година. При определувањето на стратешката определба неопходно е највисок приоритет да биде даден на декарбонизацијата на енергетскиот сектор и на другите поврзани сектори (транспорт, индустрија, земјоделство), што ќе се одрази и на навремената измена на стратешките документи во овие сектори. | ВРМ, Кабинетот на Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, Министерство за транспорт и врски (МТВ), МЗШВ, Стопанска комора на РМ | **6** |
| | | • Мотивирање да се користи централно греење секаде каде што е достапно, со цел да се намали аерозагадувањето, и стимулирање да се користат алтернативни методи за греење кои не вклучуваат користење на цврсто гориво. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, РКЕ, МЕ, МЖСПП, операторите на дистрибутивни топловодни мрежи | **6** |
| | | • Ревизија на Предлог-стратегијата за енергетика, во согласност со новоусвоената стратешка определба за декарбонизација. | ВРМ, Кабинет на Вицепремиерот за економски прашања, Собрание на РМ, МЕ, МЖСПП, МАНУ, ЕЛЕМ, МЕПСО, АЕ, РКЕ | **9** |
| | | • Започнување со подобрување на преносната мрежа со крајна цел да се изгради високоразвиена електропреносна мрежа за квалитетно поврзување во европскиот енергетски систем. | ВРМ, Кабинет на Вицепремиер за економски прашања, МЕ, МЕПСО | **12** |

| **Ред бр.** | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Внесување на заложбата за декарбонизација и штедење на енергија (напуштање на фосилните горива) во сите степени на образовниот процес. | ВРМ, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | **12** |
| | | • Усвојување на заложбата за целосна електрификација на транспортот до 2050 година. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, МТВ, МАНУ | **12** |
| **7.** | Институции | • Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во институциите со надлежности во областа на енергетиката. | МЕ, Агенција за енергетика, Регулаторна комисија за енергетика, МЖСПП | **12** |
| **8.** | Истражувања и анализи | • Започнување на процесите за изработка на хидролошка и сончева карта, обновување на ветерната карта и нивно преклопување со просторниот план на Република Македонија. Изработка на анализи за изворите на отпад од земјоделството, сточарството и живинарството, со цел да се мапираат најдобрите локации за изработка на централи на биогориво (биогас). | Вицепремиерот за економски прашања, институти од релевантните области, општините, Агенција за просторно планирање. | **12** |
| **9.** | Спроведување стандарди за животна средина за енергетските капацитети | • Усогласување на енергетските капацитети со оперативните планови и најдобрите достапни техники, во согласност со правото на ЕУ. | ВРМ, МЖСПП, Оператори на енергетските капацитети, Општини | **12** |
| | | • Инсталирање на систем за десулфуризација на РЕК Битола. | ВРМ, ЕЛЕМ, МЖСПП | **12** |

| Ред бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Стимулирање на енергетската ефикасност и користење на обновливи извори на енергија (ОИЕ) | • Стимулирање на производството на енергија во домаќинствата преку овозможување на субвенции за производство на електрична енергија од сонце и ветер. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, МФ, РКЕ, АЕ | **12** |
| | | • Формирање Фонд за енергетска ефикасност наменет за граѓаните и за јавните објекти (градинки, училишта, болници, општински објекти) и донесување политики за стимулирање на енергетската ефикасност. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, МФ, РКЕ, АЕ, општините, комерцијалните банки | **12 (започнување на процесот)** |
| | | • Значително зголемување на производството на електрична енергија од новите обновливи извори на енергија, со цел да се овозможи забрзана транзиција кон декарбонизација на секторот. | ВРМ, Вицепремиерот за економски прашања, МЕ, РКЕ, АЕ | **12** |

# КУЛТУРА

„Уметноста и културата се од суштинско значење само ако некој знае за што.“

Жан Кокто

Градењето згради, споменици, нови неодржливи културни институции (повеќето како дел од контроверзниот проект „Скопје 2014“), неинвестирањето во иновативен и динамичен современ пристап во културата, зголемената администрација, намалената поддршка на новите форми на изразување и на креативните индустрии, промовирањето и поттикнувањето на етно-националистичките наративи во културната и во уметничката продукција, како и ксенофобијата, нееднаквоста и корупцијата, се главните карактеристики на културниот јавен дискурс и културните експлицитни и имплицитни политики во изминативе години.

Лекцијата која сите ја научивме од владеењето на режимот во периодот од 2006 до 2017 година е дека културата е моќна алатка со која може да се интервенира дури и во промената на идентитетот и историските факти за една држава во краток временски период (повторно „Скопје 2014“ и сите придружни активности).

Во исто време, Европа дава силен и значаен импулс во препознавањето и важноста на овој сегмент, па Могерини изјави „да ја ставиме културата во центарот на европската надворешна политика“. Воедно, таа истакнува дека „културата е нешто многу поголемо и подлабоко од секојдневната агенда со кризите во надворешната политика на Европа“.

Во ваква констелација на целосна внатрешна руинираност на културниот сектор и на основните принципи, врз кои се заснова и оваа платформа, а од друга страна, имајќи ги предвид европската перспектива и новиот импулс што доаѓаат токму во однос на културата, независниот културен сектор во РМ предлага седум приоритети со конкретни мерки за имплементација, во однос на брза интервенција за поставување на секторот во нова културна динамика, како и во однос на санирање на дел од штетите направени во изминатиов период.

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ревидирање на постојните јавни институции и предлагање нови модели | • Форензичко сметководство и ревизија на институциите со помош на ангажирана независна ревизорска куќа. | Влада на РМ, Министерство за култура (МК) | **3** |
| | | • Да се формира комисија во која ќе бидат вклучени претставници од Министерството за култура, експерти и претставници од независниот културен сектор.<br>• Ревидирање на критериумите и на системите за ангажирање човечки ресурси во јавните институции.<br>• Креирање нови критериуми за вработување, при што ќе се води сметка за следниве аспекти: говорот на омраза, дискриминацијата и насилството. | МК | **3** |
| | | • Да се формира работна група, во која ќе бидат вклучени и експерти и претставници на независниот културен сектор, за да се подготви првична анализа на постојните ресурси на јавните институции. | МК | **3** |
| | | • Формирање центар за социо-културни истражувања и креирање на политики. | МК | **12** |
| | | • Мораториум на институциите кои пропагираат националистички и фингирани историски наративи, како и ревидирање на нивната програма (пример: поставките во Музејот на ВМРО, Националниот музеј на НОБ во Кичево). | МК | **9** |
| | | • Предлози за нови модели на институции (отворени). | Центар за социо-културни истражувања и креирање на политики, независна сцена | **9 - 12** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Нова систематизација во Министерството за култура (воведување на современи културни практики) | • Воведување нов сектор и нова буџетска линија која ќе се занимава со современите културни практики – интердисиплинарни. | МК | **3** |
| | | • Обезбедување услови за долгорочна поддршка на проектите и институциите (годишни и повеќегодишни поддршки) и креирање фонд за ад-хок проекти. | МК | **3** |
| | | • Воведување посебен фонд за мобилност (гостувања на фестивали, учество на меѓународни проекти, ургентни акции). | МК | **12** |
| | | • Ревидирање и надградување на постојните сектори (по дејности) и предлагање нови. | Работни групи составени од членови на МК, експерти и независен културен сектор | **12** |
| | | • Стратегија за културата 2018-2022 (вклучување на независен културен сектор, експерти, дефинирање јасни критериуми при изборот на комисиите и одговорност при изработката на истата). | МК | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Транспарентност и отчетност (дефинирање јасни критериуми за вработувања, повици за грантови, програми) | • Анализа на претходното работење на Министерството за култура во однос на распределбата на финансиите (форензичка ревизија). | Независна ревизорска куќа | **12** |
| | | • Објавување (на веб-страницата на Министерството за култура) на сите извештаи за работењето по сектори во изминатите 5 години, и тоа: програми, одлуки, комисии, износ на грантови и извештаи. | МК | **12** |
| | | • Развивање нов модел за комуникација за информациите од јавен интерес . | МК | **3** |
| | | • Да се ревидираат и да се коригираат постојните критериуми за сите сектори посебно: повикот за доделување грантови, формуларите/апликациите, дефинирањето на критериумите за формирање комисии, и тоа да се објави јавно. | МК, експерти и независен културен сектор | **3** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Легислатива (ревидирање и предлози за измени на законите) | • Ревидирање и анализа на Законот за култура и препораки – соработка помеѓу Министерството, граѓанскиот сектор, Синдикатот за култура и Собранието. | МК, сите групи | **9** |
| | | • Ревидирање на делот на Законот за култура што се однесува на ингеренциите и моќта на одлучување на министерот за култура. | МК, експерти, независен културен сектор | **12** |
| | | • Ревидирање на колективните договори и нивелизација. | МК, граѓанскиот сектор, синдикат, независен културен сектор, формални и неформални групи, индивидуалци | **12** |
| | | • Дефинирање на статусот на самостојните уметници и културни работници. | МК, граѓанскиот сектор, синдикат, независен културен сектор, формални и неформални групи, индивидуалци | **9** |
| | | • Дефинирање на процентот на национално учество во кофинансирањето на европските проекти. | МК | **3** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Придвижување од мултикул-турализам кон културен плурализам () | • Проценка на досегашните тенденции на програми-те на институциите и на вклученоста на принципот на плурализам врз основа на анализа за тоа какви програми се спроведувале во изминатите 3 години. | МК | **12** |
| | | • Мораториум на субвен-ционирање на содржините кои поддржуваат етнона-ционализам, ксенофобија и дискриминација. | МК и Филмски фонд | **3** |
| | | • Стимулирање на програ-мите кои ќе промовираат различност, толеранција, инклузивност, партиципа-тивност и еднакви можнос-ти, преку воведување нови критериуми во повикот за доделување грантови што ќе ги содржат овие елемен-ти. | МК | **9** |
| | | • Анализа и проценка на состојбата во сите степени на образованието кое е во релација со културата. | МК, Министерство за образование и наука (МОН) | **12** |

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Меѓусекторско поврзување (едукација, социјала, туризам, економија) | • Воспоставување институционална соработка со Министерството за образование и наука за создавање нови образовни програми и помагала за доближување на современите културни практики и развивање на критичкото мислење. | МК, МОН | **12** |
| | | • Ревизија на програмите и предлог за нови курикулуми за дисциплини поврзани со културните и уметничките практики. | МК, МОН | **12** |
| | | • Поддршка и развој на алтернативни образовни програми кои ќе стимулираат критичка култура и ќе обезбедат трансверзални и технички вештини во културниот сектор. | МК, МОН, граѓанскиот сектор | **12** |
| | | • Форензичка и експертска ревизија на „Скопје 2014“. | Министерство за животна средина и просторно планирање, МОН, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и локалната самоуправа | **3, 9, 12,** |
| | | • Мапирање и анализа на ресурсите кои постојат на локално ниво. | МК, Министерство за локална самоуправа | **12** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Децентрализација на културата | • Креирање работна група која ќе предложи нови одржливи модели на културни простори на територијата на Република Македонија. | МК, граѓанскиот сектор и локалната самоуправа | **12** |
| | | • Креирање стимулативни мерки за поддршка на креативниот потенцијал (таленти) на локално ниво. | МК, локалната самоуправа | **12** |
| | | • Креирање резиденцијални програми за размена на уметници и културни оператори на територијата на Република Македонија. | МК, локалната самоуправа | **12** |

# ЗДРАВСТВО

Состојбите во однос на здравствените права на граѓаните на Република Македонија, а особено здравствените права на ранливите групи граѓани, укажуваат на низа системски слабости и пречки за спроведување на правото на здравје, како основно човеково право. Потврда за тоа се анализите и извештаите кои години station наназад ги подготвуваат граѓанските организации и врз основа на нив се залагаат за унапредување на степенот на спроведување на овие права. Препораките и заклучоците на различни меѓународни тела за заштита на човековите права, исто така, ја потврдуваат и укажуваат на потребата од преземање итни и неодложни мерки кои ќе го унапредат здравјето на граѓаните, а особено на преземање на соодветни и специфични мерки за елиминирање на бариерите со кои се соочуваат ранливите групи граѓани. За таа цел предлагаме преземање на системски и континуирани реформи во различни области, кои ќе значат создавање на основни предуслови и претпоставки за здравствен систем кој е достапен, пристапен, прифатлив и нуди квалитетни здравствени услуги за граѓаните. Такви се реформите кои ги предлагаме во областа на унапредувањето на пристапот до лекови; вклучување на граѓанските организации како даватели на одредени здравствени услуги; овозможување здравствено осигурување за сите; обезбедување соодветен и стручен кадар за обезбедување здравствена заштита, и унапредување на дијагностиката. Од друга страна, предлагаме реформски зафати кои имаат за цел да се создаде солидна база и основа за планирање и спроведување на реални здравствени политики, политики кои одговараат на потребите на граѓаните и, особено, на ранливите групи граѓани. Такви се предложените мерки за усвојување и буџетирање на потребните здравствени политики; соодветно планирање и буџетирање на програмите на Министерството за здравство, и унапредување на начинот на водење и користење на здравствената статистика. Во предлагањето мерки отидовме и чекор понапред, во насока на предлагање проценка на состојбите по однос на индикаторите за новороденечката, доенечката и перинаталната смртност. Ова особено затоа што овој здравствен индикатор укажува на исклучително негативен тренд, па утврдувањето на причините за ваквите состојби мора да биде највисок приоритет. Од исто значење се и реформите што ги предлагаме во однос на унапредувањето на механизмите за заштита за спроведување на здравствените права, кои се гаранција за фактичкото, а не само декларативното залагање за овие права. Без нивно функционирање невозможно е да се замисли функционирањето на здравствениот систем воопшто.

Покрај приоритетните системските реформи, предлагаме и низа соодветни реформски зафати поврзани со здравјето на одделни ранливи групи, како што се: жените, Ромите, лицата кои живеат со ХИВ/СИДА, лицата корисници на дроги, ЛГБТ-лицата, лицата заболени од ретки болести и лицата кои живеат со дијабетес. Предлагаме сите предложени мерки да се спроведат преку со-

одветна вклученост на релевантните граѓански организации кои работат на заштита на здравствените права на граѓаните, почитувајќи ги принципите за распределување на сите можни буџетски расположливи средства, кои ќе се користат на ефективен и ефикасен начин, и ќе бидат потрошени во целост, а не пренаменети за други активности. Планирањето и реализацијата на здравствениот буџет треба да се темели на почитување на принципите на недискриминација и еднаков пристап до здравствените услуги за сите, како и негово прогресивно зголемување.

Предложените мерки се однесуваат за период од 3, 6, 9 и 12 месеци.

| **Ред. бр.** | **Приоритет** | **Мерка** | **Надлежна институција(и)** | **Рок** (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Вклучување на граѓанските организации како даватели на одредени здравствени услуги | • Законско уредување на можноста граѓанските организации да даваат одредени здравствени услуги (на пример, услугите кои досега ги обезбедуваа ГО, според програмата за ХИВ/СИДА) во Законот за здравствена заштита. | Министерство за здравство (МЗ) | **3** |
| **2.** | Обезбедување соодветен стручен кадар за давање примарна здравствена заштита | • Ревидирање на поставеноста на мрежата на здравствените установи за примарна здравствена заштита и нејзино дефинирање на ниво на општина (наместо досегашната поставеност на ниво на повеќе општини, односно региони). | МЗ | **3** |
| **3.** | Унапредување на дијагностиката на заболувањата | • Редовна набавка на реагенси за сите дијагностички процедури кои се покриени од страна на ФЗОМ, соодветно на потребите на пациентите.<br>• Можност за дијагностицирање на заболувањата во странство, во случај заболувањето да не може да се дијагностицира во земјата во период од шест месеци. | МЗ, Фонд за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Проширување на здравствените услуги кои се обезбедуваат во Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите (на пример, испитување на хепаталните ензими кои можат да доведат до рано откривање на низа заболувања). | МЗ | **9** |
| **4.** | Унапредување на здравјето на жените | • Ревизија на Законот за прекин на бременоста во согласност со насоките на СЗО, со цел да се овозможи непречена и квалитетна здравствена услуга.<br>• Зајакнување на патронажната служба преку подготовка и усвојување на Правилник за патронажната служба, зголемување на човечките и техничките ресурси, едукацијата и сл.<br>• Законско уредување на можноста гинеколозите од јавните здравствени установи и од приватните здравствени установи кои немаат склучени договори со ФЗОМ, да можат да работат како овластени избрани гинеколози (препишување рецепти и давање упати за дијагностика и за натамошно лекување) во општините каде што нема избрани гинеколози. | МЗ, ФЗОМ | **3** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| | | • Субвенционирање на специјализацијата за гинеколозите кои ќе имаат обврска да работат како избрани гинеколози во општините каде што воопшто нема матични гинеколози.<br>• Подготовка и усвојување на протоколи за скрининг на малигни заболувања, со посебен осврт на скрининг на рак на дојка и рак на грло на матка.<br>• Воведување стимулативни мерки за избраните матични гинеколози, како што е зголемување на капитацијата и зголемување на квотата на матичните пациенти за избраните гинеколози. | МЗ, ФЗОМ | **9** |
| **5.** | Унапредување на здравјето на пациентите кои живеат со дијабетес | • Укинување на Националната комисија за дијабетес мелитус. | МЗ | **3** |
| **6.** | Унапредување на здравјето на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА | • Обезбедување буџет за реализирање на Програмата за ХИВ/СИДА за 2018 година во износ од 100.000.000 денари. | МЗ | **3** |
| | | • Подготовка и усвојување на Стратегијата за ХИВ/СИДА за периодот 2017-2021 и алокација на соодветни финансиски средства од националниот буџет.<br>• Обновување на регистрирањето на лековите за ХИВ/СИДА на период од шест месеци. | МЗ, ФЗОМ и Агенција за лекови | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Унапредување на пристапот до лекови | • Ревидирање на позитивната листа на лекови и ортопедски и др. помагала на ФЗОМ во насока на: поставување на најмалку еден лек за лекување на сите дијагнози за кои постои терапија, поставување на иновативни лекови, поставување на специјална храна и други суплементи, ортопедски помагала и др. | МЗ, ФЗОМ | **6** |
| | | • Ревидирање на Законот за јавни набавки во однос на набавката на лекови и медицински материјали, односно да се ревидираат одребите што се однесуваат на Советот за јавни набавки, минимумот стандарди за квалитет, тендерската документација, начинот и изборот на стручните лица во Советот за јавни набавки, дефинирање на улогата на Агенцијата за лекови во овие процеси итн.<br>• Укинување на квотите за лекови за аптеките, со цел да се овозможи лековите кои се препишани на рецепт да бидат достапни во сите аптеки што имаат договор со ФЗОМ.<br>• Воведување дежурни аптеки во општините каде што не постојат.<br>• Измена на законската регулатива за медицинската употреба на канабисот, соодветно на утврдените недостатоци од досегашната практика. | Министерство за финансии (МФ), ФЗОМ | **9** |
| | | • Планирање, набавка и дистрибуција на лекови во болничките здравствени установи, соодветно на регистрите на пациенти. | Болнички јавно-здравствени установи, МЗ, ФЗОМ | **12** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Соодветно планирање и буџетирање на програмите на Министерството за здравство на повеќегодишно ниво | • Подготовка на сите програми кои ги спроведува Министерството за здравство, соодветно на потребите на среднорочен план (3 години), со соодветна буџетска алокација. | МЗ | **6** |
| **9.** | Усвојување и буџетирање на здравствените политики | • Усвојување на акциските планови предвидени со Здравствената стратегијата на РМ 2020 и вклучување на граѓанските организации и здруженијата на пациентите во процесите на планирање, спроведување, мониторинг и проценка, преку јавно објавување на огласите за консултативен процес. | МЗ | **6** |
| | | • Ревидирање на постојните и усвојување на нови протоколи за дијагностика и третман на заболувањата, во согласност со медицината базирана на докази и најновите достигнувања во медицината, приспособени на националниот контекст.<br>• Ревидирање на Стратегијата за палијативна грижа и распределба на буџетските средства за нејзино реализирање. | МЗ | **12** |
| **10.** | Унапредување на здрављето на Ромите | • Законско предвидување на ромските здравствени медијатори во системот на здравствената заштита и нивно вработување.<br>• Обновување и соодветно буџетирање на Националниот акционен план за здравје на Ромите. | МЗ во соработка со Министерството за труд и социјална политика (МТСП) (во однос на втората предлог-мерка) | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Унапредување на здравјето на лицата корисници на дроги | • Законско уредување на можноста граѓанските организации да го дистрибуираат и администрираат „Налоксон“ во Законот за здравствена заштита.<br>• Започнување на процес на подготовка на Стратегија за превенција и третман на Хепатит Ц.<br>• Подготовка и усвојување на протокол за третман на малолетни лица (под 16 години) кои се зависници од дроги.<br>• Изработка на Акциониот план за дроги на Република Македонија 2018-2020 и вклучување на програмите за намалување на штетите во рамките на истиот. | МЗ | **6** |
| **12.** | Унапредување на здравјето на пациентите со ретки болести | • Подготовка и усвојување на повеќегодишен Национален план за ретки болести и обезбедување буџетски средства за реализација на истиот. | МЗ | **6** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | Овозможување на здравствено осигурување за сите граѓани на РМ | • Овозможување на здравствено осигурување и користење на здравствена заштита за лицата кои немаат лични документи.<br>• Ревидирање на критериумите за износот на примањата како услов за бесплатно здравствено осигурување на невработените лица.<br>• Скратување на предвидениот рок за користење на бесплатното здравственото осигурување по престанокот на работниот однос.<br>• Укинување на условот за континуитет во здравственото осигурување од 6 месеци, како услов за користење на ортопедски помагала и боледување на товар на ФЗОМ. | МЗ, ФЗОМ , МТСП | **9** |
| **14.** | Унапредување на здравјето на транс- лицата | • Усвојување на стандарди и протоколи за транс-лицата, обука на здравствен кадар за третман на транс-лицата и обезбедување на лекување во странство за транс-лицата преку ФЗОМ. | МЗ, ФЗОМ | **9** |
| **15.** | Проценка на состојбите по однос на индикаторите за новороденечка, доенечка и перинатална смртност | • Спроведување на истражување применливо во практиката за причините за овие состојби. | МЗ, Институт за јавно здравје | **12** |

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| **16.** | Унапредување на начинот на водење и користење на здравствената статистика | • Предвидување законска обврска за водење здравствена статистика со десегрегирани податоци (по возраст, пол, етничка припадност, урбано и рурално население, регион и друго) во Законот за евиденција во здравството.<br>• Предвидување на законска обврска Министерството и другите надлежни институции да подготвуваат редовни истражувања, применливи во практиката, особено за важните здравствени трендови и индикатори во Законот за здравствена заштита и Законот за евиденција во здравството.<br>• Воспоставување и редовно ажурирање на регистарот на пациенти со хронични болести (со посебен акцент на малигните заболувања, ретките болести, хроничните прогресивни незаразни заболувања и хроничните заразни заболувања). | МЗ, Институт за јавно здравје, ЈЗУ (јавно здравствени установи) и Државен завод за статистика | **12** |
| **17.** | Унапредување на механизмите за заштита на спроведување на здравствените права | • Воспоставување на сите законски пропишани механизми за заштита на правата на пациентите.<br>• Преземање на сите неопходни мерки за навремено и соодветно постапување на Министерството за здравство и на ФЗОМ во насока на заштита на здравствените права на граѓаните.<br>• Преземање на сите неопходни мерки за почитување на судските одлуки донесени од страна на управните судови во спорови од областа на здравството. | Влада на РМ | **12** |

# ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на Република Македонија |
| **АКМИС** | Автоматизиран информационен систем за управување со судските предмети |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **АР** | Агенција за разузнавање |
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ВМРО** | Внатрешна македонска револуционерна организација |
| **ВО** | Високо образование |
| **ВРМ** | Влада на Република Македонија |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **ДДВ** | Данок на додадена вредност |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ДИЦ** | Државен испитен центар |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **ДУТ** | Државен универзитет во Тетово |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕЛЕМ** | Електрани на Македонија |
| **ЕЛС** | Единица на локалната самоуправа |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Македонија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗАС** | Закон за административните службеници |
| **ЗЗГФ** | Закон за здруженијата на граѓани и фондациите |

| | |
|---|---|
| **ЗЗФ** | Закон за здруженијата и фондациите |
| **ЗКП** | Закон за кривичната постапка |
| **ЗОУП** | Закон за општата управна постапка |
| **ЗСД** | Завод за социјалните дејности |
| **ИЗ** | Изборен законик |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **ЈООКК** | Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **ЈОРМ** | Јавен обвинител на Република Македонија |
| **ЈП** | Јавно претпријатие |
| **КЕП** | Комисија за европски прашања |
| **КЗППИЈК** | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **ЛМС** | Локален младински совет |
| **МАНУ** | Македонска академија на науките и уметностите |
| **МАПАС** | Агенција за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работиU |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МЕПСО** | Македонски електропреносен систем-оператор |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МО** | Министерство за одбрана |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |

| | |
|---|---|
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НБРМ** | Народна банка на Република Македонија |
| **НМСМ** | Национален младински совет на Македонија |
| **НСЕИ** | Национален совет за евроинтеграции |
| **ОАЕ** | Одбор за акредитација и евалуација |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОВЖС** | Оцена на влијанието врз животната средина |
| **ОДИХР** | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| **ОДУ** | Органи на државната управа |
| **ОЕЦД** | Организација за економска соработка и развој |
| **ОИЕ** | Обновливи извори на енергија |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ОС** | Основен суд |
| **ПИОМ** | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија |
| **РЕК** | Рударско-енергетски комбинат |
| **РИКО** | Регионална канцеларија за млади на Западен Балкан |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика |
| **РМ** | Република Македонија |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **СИОФА** | Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор |
| **СЈО** | Специјално јавно обвинителство |
| **СОЖС** | Стратешка оцена на животната средина |
| **СПИЛ** | Проект за имплементација на социјалната заштита |
| **СПП** | Социјална парична помош |
| **УБК** | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| **УГД** | Универзитет „Гоце Делчев“ |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **УКИМ** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ |
| **УКЛО** | Универзитет „Св. Климент Охридски“ |

| | |
|---|---|
| **УУОПЈЗ** | Управа за унапредување на образованието на јазиците на .припадниците на заедниците |
| **ФЗОМ** | Фонд за здравствено осигурување на Македонија |
| **ЦРМ** | Централен регистар на Република Македонија |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЦССОО** | Центар за средно стручно образование и обука |
| **ЦФЦД** | Сектор за централно финансирање и склучување договори |

# ПРИЛОГ 1 – ЛИСТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ И ЕКСПЕРТИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ИНИЦИЈАТИВАТА

(со * се означени организациите и експертите кои беа вклучени само во подготовката на документот „Предлог за итни демократски реформи“ во јули 2016 г.)

**Борба против корупцијата**

- Институт за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје
- Коалиција „Сите за правично судење“
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Центар за истражување и креирање политики
- Транспаренси Интернешнал - Македонија
- Македонски центар за меѓународна соработка
- *Транспарентност Македонија

**Граѓанско општество**

- Балканска мрежа за развој на граѓанското општество
- Евротинк – Центар за европски стратегии
- Здружение „Конект“
- Здружение „Млади европски федералисти“ – ЈЕФ Македонија
- Младински образовен форум
- Македонски центар за меѓународна соработка
- Национален младински совет
- Национален совет за родова рамноправност
- Реактор - Истражување во акција
- Фондација НВО Инфоцентар
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Фондација за локален развој и демократија „Фокус“
- Центар за современи уметности - Скопје

**Животна средина**

- Асоцијација за чиста животна средина „АЈДЕ МАКЕДОНИЈА“
- Здружение на граѓани за одржлив развој и заштита на животната средина „Биди зелен“
- Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“
- Македонско еколошко друштво
- Милеуконтакт Македонија
- Новинари за човековите права
- ОРТ – обука за одржлив развој
- Центар за стратегии и развој „Пактис“ - Прилеп
- ЦНВП Фондација - Македонија

**Здравство**

- Здружение на граѓани со ретки болести „Живот со предизвици“
- Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ
- Здружение „Заедно посилни“
- Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ
- Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“
- Ромска организација за мултикултурна афирмација РОМА СОС
- Фондација Отворено општество - Македонија
- ХАЕ Македонија
- Асоцијација за здравствена едукација и истражување - ХЕРА
- Здружение ХОПС - Опции за здрав живот
- Здружение на лица со дијабетес „Шеќерче - Лилипоп“ Велес

**Избори и изборен систем**

- Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА
- НВО КХАМ - Делчево
- Здружение „**Млади европски федералисти**“ – ЈЕФ Македонија
- Граѓанска асоцијација МОСТ
- Здружение на граѓани „Профицио“
- Центар за одржлив развој на заедницата Дебар
- ЦИВИЛ - Центар за слобода
- Александар Стојановски

**Јавна администрација**

- Асоцијација за развојни иницијативи ЗЕНИТ
- Здружение за локален развој Акција плус, Ресен
- Евротинк – Центар за европски стратегии
- Институт за европска политика
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Центар за управување со промени
- Драган Гоцевски
- Методија Димовски
- *Бранимир Јовановиќ

**Јавни финансии и економија**

- Аналитика тинк-тенк
- Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ
- Центар за економски анализи
- Центар за одржлив развој на заедницата - Дебар
- *Здружение на млади аналитичари и истражувачи
- *Бранимир Јовановиќ
- *Петар Ѓошев
- *Никола Поповски
- *Горан Петревски
- *Абдулменаф Беџети

**Контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање**

- Аналитика тинк-тенк
- Асоцијација за развојни иницијативи ЗЕНИТ
- Евротинк – Центар за европски стратегии
- Форум за истражување на безбедносните политики „Секуритас“
- ФОРУМ - Центар за стратегиски истражувања и документација
- Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
- Трпе Стојановски
- *Гордан Калајџиев

**Правосудство**

- Институт за европска политика
- Институт за човекови права - Скопје
- Коалиција „Сите за правично судење“
- Македонско здружение на младите правници
- Ромска организација за мултикултурна афирмација РОМА СОС
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
- Центар за правни истражувања и анализи

**Образование и младински политики**

- Здружение на граѓани за одржлив развој и заштита на животната средина „Биди зелен“
- Здружение на педагози на Град Скопје „Современ педагог“
- Здружение „**Млади европски федералисти**“- Македонија
- Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ
- Младински културен центар - Битола
- Младински образовен форум
- Наставнички пленум
- Национален младински совет
- Независен академски синдикат
- Пријатели на образованието
- Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – Скопје
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Фондација за локален развој и демократија „Фокус“
- Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци
- Центар за образовна поддршка на децата „Дендо вас“
- Центар на заедницата на Општина Центар
- Никола Левков

**Култура**

- Визија центар за научна фантастика на Македонија
- Детски театарски центар - Скопје
- Иницијатива за независен културен активизам - ИНКА
- ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена
- Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“

- КОНТРАПУНКТ - асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи уметнички практики
- Центар за балканска соработка „Лоја“
- ЛОКОМОТИВА - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата
- Здружение на уметници Културен центар „Медиаартес“- Охрид
- Младински образовен форум
- Здружение „Мултимедија“
- Организација за активизам, теорија и уметност „Плоштад Слобода“
- „Прес ту егзит“ проектен простор
- Стрип-центар на Македонија
- Факултет за работи што не се учат
- Фондација Отворено општество - Македонија
- Центар за современи уметности - Скопје
- Оливер Мусовиќ
- Ѓорѓе Јовановиќ
- Велимир Жерновски
- Никола Гелевски

**Собрание**
- Институт за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје
- Фондација Отворено општество – Македонија
- *Граѓанска асоцијација МОСТ

**Социјална заштита, благосостојба и одржливост**
- НВО КХАМ Делчево
- Македонска платформа против сиромаштијата
- Реактор - Истражување во акција
- Здружение ХОПС- Опции за здрав живот
- „Паблик“ асоцијација за истражување, комуникации и развој
- Асоцијација за здравствена едукација и истражување - ХЕРА
- Здружение „Хуманост“
- Здружение „Јустиција“ - Куманово
- СОС Детско село Македонија
- *Марјан Николов
- *Драган Гоцевски
- *Бранимир Јовановиќ